- Учениците се чувствуваат пријатно на училиште, чувствуваат дека се слушнати и нивните идеи се вреднувани;
- Чувството на припадност кон училиштето (како заедница) се зголемува;
- Се подобрува мотивацијата за учење и училишниот успех

<u>Придобивки од ученичките акции:</u>

- Развивање на чувството за другите;
- Развивање чувствителност за проблемите во местото каде што живеат;
- Поттикнување на лична и општествена одговорност;
- Подобрување на самодовербата;
- Чувство на припадност кон училиштето/заедницата.

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

Акциониот план за формативната евалуација ќе биде изработен на почетокот на учебната година во согласност со наставниците и тимот за следење и проверување. Состаноците ќе бидат организирани согласно потребите како би можело да се издвојат тешкотиите, напредокот во однос на критериумите на успех, ќе се предлагаат мерки за решавање проблеми и донесуваат заклучоци за надминување на истите. Ќе се изработат инструменти за проценка на придобивките од спроведените акции, тие ќе бидат во корелација со поставените цели.

-Одговорни за следење: директор, Училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители.

- Тим за изработка на Развојната програма на училиштето, ученички парламент, тим за поддршка на работата на ученички парламент

- Тим за изработка на Развојната програма на училиштето, стручни соработници
- Тим за изработка на Развојната програма на училиштето, наставници, ученици, стручни соработници

- Критериум за успех – претставува ниво и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме. Врз основа на Наставната програма за секој предмет што е дадена од БРО, наставниците за секој предмет ќе изработат одделни програми за вонпаставни активности/секции и клубови, ќе достават список на ученици кои ќе ги следат вонпаставните активности и ќе го следат редовното учество, постигнатите резултати, доследноста во спроведувањето на активностите преку соодветни обрасци /формулари.

-Инструменти – тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудувања и опсервации.

Програма за работа на ученички парламент, записници; анкета за родители за избор на теми; анкета за ученици за избор и учество на ВНА.

-Индикатори за успешност: Индикаторите за успешност ќе бидат изработени во согласност со Блумовата таксономија. Тимот за следење и поддршка ќе направи анализа на просекот на оценките, стратегиите за оценување како и

- акционен план за активностите од ученичкиот парламент и од стручните активи
- годишен извештај за реализирани вонпаставните ученички активности
- записник од Совет на родители
- акциски план за реализација на предавања, трибини и работилници за родители

-Повратна информација – повратната информација наставникот ја дава на ученикот во усна или писмена форма. Таа се однесува на постигнувањата и препораки за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во учењето, вреднување на напредокот на учениците.

***План за евалуација на акциските планови***

| | **1.Поддршка на наставата и учењето** | **2. Обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците** | **3. Продлабочување на соработката со родителите** | **4. Поттикнување на демократската клима во училиштето** |
|---|---|---|---|---|
| **КРИТЕРИУМ ЗА УСПЕХ** | -Спроведени иновативни наставни практики/обучен наставен кадар;<br>-Подобрен успех на учениците;<br>-Примена на критичко размислување и решавање на проблеми во настава;<br>-Развиени дигитални вештини кај учениците;<br>-Развиена родова рамноправност и интеркултурност кај учениците; | -Подобрена дисциплина на учениците за време на часовите и одморите,<br>- Зголемена почит и доверба во меѓусебните релации меѓу врсниците,<br>-Изготвена процедура за пријавување и справување со соврсничко насилство | -Поголема вклученост на родителите во реализација на воспитно-образовниот процес;<br>-Зголемено учество на родителите во училишни проекти и активности | -Зајакната одговорност кај учениците за состојбите во училиштето и пошироката околина<br>-Практикување демократско однесување на учениците преку спроведување конкретна акција за позитивна промена во средината<br>-Промовирани граѓанските вредности на ниво на целото училиште |
| **ИНСТРУМЕНТИ** | - Дневни планирања, Годишни програми, извештаи, педагошка евиденција, чек листи, листа за евиденција, анализи и извештаи, прашалници | - Чек листи, листа за евиденција, анализи и извештаи, прашалници, процедури и политики за справување со насилство, записници од ученички парламент, одделенски и Наставнички совети | Чек листи, листа за евиденција, анализи и извештаи, прашалници, записници од Совет на родители, одделенски и Наставнички совети | Чек листи, листа за евиденција, анализи и извештаи, прашалници, записници од секција на Граѓанско образование, одделенски и Наставнички совети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ИНДИКАТОР ЗА УСПЕШНОСТ** | -Подобрен квалитет на наставниот процес<br>- Зголемено активирање на учениците за критичко мислење и решавање проблеми во наставата,<br>-Подобрување на креативноста и иновативноста на учениците преку стекнување на дигитални вештини и знаења<br>-Подеднакво вклучување на машките и женските ученици во школските активности; | - Подобрена работна атмосфера кај вработените,<br>- Намалено насилно однесување во училиштето,<br>-Зголемена сигурност и доверба во училиштето,<br>-Формирани тимови за поддршка и помош на жртвите од соврсничко насилство | -Утврдени потреби на училиштето за соработка со родителите,<br>-Реализирани едукативни предавања и работилници за родители,<br>-Зголемена вклученост на родителите во реализацијата на наставните планови и програми,<br>-Унапредена соработка со родителите во реализација на училишните проекти и активности. | -Идентификувани аспекти во училиштето /заедницата кои треба да се подобрат,<br>-Дискусии/дебати за теми од ГО кои поттикнале интерес кај учениците<br>-Презентации од ученици за придобивките од ГО,<br>-Реализиран отворен ден за граѓанско образование,<br>-Промовирање на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница |
| **ОДГОВОРЕН ЗА СЛЕДЕЊЕ** | Директор, обучен тим наставници, педагог, психолог, претседатели на стручни активи | Директор, педагог, психолог, претседатели на стручни активи, наставници и родители | Директор, педагог, психолог, претседател на совет на родители | Директор, педагог, психолог, наставник по граѓанско образование, наставници, |
| **ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА** | Писмени евиденции, записници од стручни активи и одделенски и Наставнички совет | Писмени евиденции, записници од стручни активи и одделенски и Наставнички совет, записници од детска и ученичка заедница, ученички парламент и совет на родители | Писмени евиденции, записници од стручни активи, од одделенски и Наставнички совет и совет на родители | Писмени евиденции, записници од одделенски и Наставнички совет, записници од Детска и Ученичка заедница, Ученички парламент и Совет на родители |

# 8. Програми и организација на работата во основното училиште

## 8.1.Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календар на работни денови за учебната 2022/2023 год. Ќе биде во согласност со календарот за работа даден од Министерство за образование и наука. Доколку има промени на вкупниот број наставни и работни денови, календарот ќе претрпи измени.

**Септември 2022**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1с | | | | 1 | 2 | | |
| 2с | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | | |
| 3с | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | | |
| 4с | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | | |
| 5с | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | |
| | | | | | | | |

**Октомври 2022**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 6с | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | | |
| 7с | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | | |
| 8с | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | | |
| 9с | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | | |
| 10с | 31 | | | | | | |

**Ноември 2022**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10с | | 1 | 2 | 3 | 4 | | |
| 11с | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | | |
| 12с | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | | |
| 13с | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | | |
| 14с | 28 | 29 | 30 | | | | |
| | | | | | | | |

**Декември 2022**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14с | | | | 1 | 2 | | |
| 15с | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | | |
| 16с | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | | |
| 17с | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | | |
| 18с | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | |
| | | | | | | | |

**Јануари 2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 19с | | | 18 | 19 | 20 | | |
| 20с | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | | |
| 21с | 30 | 31 | | | | | |

**Февруари 2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21с | | | 1 | 2 | 3 | | |
| 22с | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 23с | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | | |
| 24с | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | | |
| 25с | 27 | 28 | | | | | |
| | | | | | | | |

**Март 2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25с | | | 1 | 2 | 3 | | |
| 26с | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 27с | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | | |
| 28с | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | | |
| 29с | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| | | | | | | | |

**Април 2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 30с | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | | |
| 31с | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | | |
| 32с | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | | |
| 33с | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | | |
| | | | | | | | |

**Мај2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34с | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| 35с | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | | |
| 36с | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | | |
| 37с | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | | |
| 38с | 29 | 30 | 31 | | | | |
| | | | | | | | |

**Јуни 2023**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38с | | | | 1 | 2 | | |
| 39с | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Број на работни денови во полугодие**

| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 16 | 16 | 17 | 16 | 18 | 83 |
| Второ Полугодие | 18 | 21 | 20 | 20 | 18 | 97 |
| **Вкупно** | **34** | **37** | **37** | **36** | **36** | **180** |

**Неработни денови**

8-ми септември (четврток)–*Ден на независноста* / 11-ти октомври (вторник)-*Ден на народното востание*
23-ти октомври (недела ) – *Ден на македонската револуционерна борба* односно 24 октомври(понеделник) *неработен ден*

8-ми декември (четврок )– *Св. Климент Охридски* / 19 јануари (среда)-Богојавление (Водици),

14-ти април(петок)- *Велики петок* / 17 април( понеделник)- *Велигден* / 21 април( понеделник)- *Рамазан Бајрам* ,

1 мај-*Ден на трудот* / 24 мај(среда)-*Св. Кирил и Методиј* / 26-ти мај (петок)- *Задушница( Духовден)*

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

***Преглед табела на наставен кадар, класни раководства и број на часови по предмети***

| Р.бр | Име презиме | Предмет | Класно раковод. | Вкупно часови | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Грозданка Кажлева | Македонски јазик | 9а | 20 | ВШС |
| 2. | Елизабета Теодосиевска | Македонски јазик | 8а | 20 | ВСС |
| 3. | Марија Златаноска | Музичко образование, хор, оркестар, Вештини за живеење | 6б | 20 | ВСС |
| 4. | Јасмина Макалоска | Англиски јазик | 9б | 21 | ВСС |
| 5. | Горан Ристовски | Англиски јазик | / | 21 | ВСС |
| 6. | Зоран Ристовски | Германски јазик | / | 20 | ВСС |
| 7. | Рада Стаменкоска | Математика, физика | 8в | 20 | ВШС |
| 8. | Јадранка Георгиевска | Математика/Вештини за живеење | 7а | 20 | ВШС |
| 9. | Светлана Софеска | Математика | 6а | 21 | ВСС |
| 10. | Жарко Благојевиќ | Историја | / | 20 | ВСС |
| 11. | Олимпија Јовческа | Биологија, | 8б | 20 | ВСС |
| 12. | Александра Блажевска | Хемија, Природни науки | 7в | 22 | ВСС |
| 13. | Сузана Јакимовска | Географија | 7б | 20 | ВСС |
| 14. | Лирие Мемети | Информатика | / | 21 | ВСС |
| 15. | Татјана Ѓеоргиевска | Граѓански образование, Етика, Запозн. Со религии, Кл.култ. на евр.цивил., Иновации Вештини за живеење | 9в | 20 | ВСС |
| 16. | Билјана Трајкова | Англиски јазик | / | 10 | ВСС |
| 17. | Даниела Илиева Стојчева | Ликовно образование | / | 20 | ВСС |
| 18. | Наставник по ТО | ТО/ Техничко образование | / | 20 | |
| 19. | Марјан Угриновски | Физичко образование/ изборен спорт | / | 20 | ВСС |
| 20. | Александра Николовска | Физичко образование /изборен спорт | 6в | 23 | ВСС |
| 21. | Катерина Божиновска | Физичко образование | / | 23 | ВСС |
| 22. | Благица Ризова | Англиски јазик | / | 20 | ВСС |
| 23. | Даниела Дамјановска | Физичко образование | / | 21 | ВСС |

***Преглед табела на наставници во одделенска настава***

| Ред. Бр. | Име и презиме | Одд. Раков. | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|
| 1. | Ољга Георгиевска | 2а | ВСС |
| 2. | Катерина Димишковска | 2а | ВСС |
| 3. | Живка Пројчевска | 2б | ВСС |
| 4. | Ивана Јошевска | 2б | ВСС |
| 5. | Ирена Буклевска | 2в | ВСС |
| 6. | Светлана Стојановска | 2в | ВСС |
| 7. | Роза Василевска | 2г | ВСС |
| 8. | Одделенски наставник-нов | 1 | |
| 9. | Ирена Пантова | 3а | ВСС |
| 10. | Биљана Димитровска Стојанова | 3а | ВСС |
| 11. | Марија Јошевска | 3б | ВСС |
| 12. | Златица Апостолов | 3б | ВСС |
| 13. | Невена Миовска | 3в | ВСС |
| 14. | Сузана Цветанова | 1 | ВШС |
| 15. | Александра Гаџовска | 2г | ВСС |
| 16. | Марија Христовска | 4б | ВСС |
| 17. | Јана Филипова Стојанова | 1 | ВСС |
| 18. | Радмила Стошиќ | 4в | ВСС |
| 19. | Гордана Николовска | 1 | ВСС |
| 20. | Христина Јовановска | 4г | ВСС |
| 21. | Симона Пашовска | 1 | ВСС |
| 22. | Дијана Стевковска | 5а | ВСС |
| 23. | Викторија Чаловска | 5б | ВСС |
| 24. | Велибор Бубулевски | 5в | ВСС |
| 25. | Татјана Јанкуловска | 1 | ВСС |
| 26. | Елизабета Мирчевска | 1 | ВШС |
| 27. | Биљана Стојков | 1 | ВСС |
| 28. | Англеа Пејовска | 3в | ВСС |
| 29. | Цветанка Петрова | 4а | ВСС |

***Забелешка:*** Распоредувањето на наставниците по одделенија може да претрпи промена согласно Законот за основно образование.

***Наставници кои дополнуваат во други училишта:***

| Ред. бр. | Име и презиме | Училиште во кое дополнува | Фонд на часови | Предмет | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Лирие Мемети | Х. Т. Карпош | 6 | Информатика | ВСС |
| 2. | Наставник ТО | Петар Поп Арсов | 9 | Техничко образование | |
| 3. | Даниела Илиева Стојчева | Вера Циривири Трена | 8 | Ликовно образование | ВСС |

***Наставници кои дополнуваат од други училишта:***

| Ред. Бр. | Име и презиме | Училиште од кое дополнува | Фонд на часови | Предмет | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Роберт Босилковски | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 8 | Историја; Истражување на родниот крај | М-р |
| 2. | Матилда Бајкова | ООУ „Вера Циривири Трена“ | 8 | Македонски јазик | ВСС |
| 3. | Милена Стојановска | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 4 | Географија | ВСС |
| 4. | Јасмина Сретеноска | ООУ „Вера Циривири Трена“ | 4 | Математика | ВСС |
| 5. | Јасмина Конеска | СГГУ „Здравко Цветковски“- Скопје | 4 | Италијански јазик | ВСС |

Врз основа на Законот за основно образование (Сл. Весник на Р С Македонија бр.161 од 5 август 2019 година) и Законот за наставниците и стручните соработници (Сл. Весник на Р С Македонија бр. Бр.161/19 и 229/20 / стр.74 од 5 август 2019 година), член 18, став (6) и став (7),предметниот наставник по информатика Лирие Мемети добива шест(6) наставни часа за одржување на интегрирана база на податоци (ЕСАРУ), одржување на веб-страницата на училиштето и други обврски поврзани со компјутерска работа во училиштето.

Распоредот на часови се изготвува според наставен план и програма за деветгодишно основно образование дадени од БРО. Распоредот на часови ќе се изготви на крајот на месец август, заради усогласување распоредот на наставниците што предаваат во други училишта.

### 8.3. Работа во смени

ООУ „Јан Амос Коменски“ работи во една смена. Часовите започнуваат во 8:00 часот. Часовите во прво, второ и трето одделение завршуваат во 15:10 часот, а часовите од четврто до деветто одделение завршуваат согласно изготвениот распоред на часовите.

### 8.4.Јазик/јазици на кој/кои се изведува наставата

| | Наставен јазик – Македонски јазик | Наставен јазик – Албански јазик | Наставен јазик – Турски јазик | Наставен јазик – Српски јазик |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **30** | | | |
| **Број на ученици** | **765** | | | |
| **Број на наставници** | **52** | | | |

Настава се изведува на македонски наставен јазик за сите ученици од I до IX одделение. Задолжителната настава се реализира по наставни предмети предвидени со Наставниот план и наставните програми за деветгодишно основно образование за учебната 2022/23 година. Имено, во текот на годината ќе се реализираат следниве задолжителни наставни предмети: Македонски јазик, Англиски јазик, Германски јазик, Италијански јазик (втор странски јазик за ученици од VI до IX одделение), Природни науки, Работа со компјутери и основи на програмирање, Општество, Историја и општество, Историја, Математика, Физика, Хемија, Биологија, Историја, Географија, Етика, Информатика, Техничко образование, Техничко образование и информатика Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование, Граѓанско образование, Иновации и Час на одделенската заедница.

### 8.5. Проширена програма

Според Концепцијата за основно образование и воспитание, а согласно член 40 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19 и 229/20), во ООУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје се реализира проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжителен престој согласно закон. По претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука, во текот на учебната 2022/23 година ООУ „Јан Амос Коменски“-Скопје организира настава со продолжен престој со ученици од иста паралелка од прво до трето одделение (вкупно 11 паралелки). Во продолжен престој

учениците се вклучуваат по барање на родителот, односно старателот. За учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот/старателот. За таа цел училиштето организира дежурство на одделенските наставници. Во текот на целиот престој, за учениците се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка, што го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието. Учениците кои посетуваат настава со продолжен престој ги изработуваат домашните задачи престојувајќи во училиштето после редовната настава, работат на совладување на наставните содржини преку разни облици на индивидуална работа и писмени вежби. Покрај тоа учениците учествуваат во културно – уметнички и други вонаставни активности.

### 8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ „Јан Амос Коменски“ нема комбинирани паралелки.

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во училиштето

Во ООУ „Јан Амос Коменски“ се изучуваат странски јазици:

-англиски јазик – се изучува во 30 паралелки (765 ученици);

-германски јазик – се изучува во 10 паралелки (249  ученици);

-италијански јазик – се изучува во 2 паралелки (48 ученици);

*Табеларен приказ на странски јазици кои се изучуваат во основното училиште*

| Странски јазик | Број на паралелки | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|
| **Англиски јазик** | 30 | 765 |
| **Германски јазик** | 10 | 249 |
| **Италијански јазик** | 2 | 48 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во прво, второ и трето одделение наставата по физичко и здравствено образование ја реализираат одделенските раководители од прво, второ, трето одделение и четврто одделение во тандем со предметните наставници по физичко и здравствено образование Катерина Божиновска и Даниела Дамјановска.

## 8.9. Изборна настава

Изборните предмети во нашето училиште се бираат преку спроведување на анкети за учениците од 5-8 одделение во месец мај. Анкетните листови се доставуваат на родителите на учениците и родителите во согласност со учениците избираат еден изборен наставен предмет од понудените на анкетниот лист. Одговорите на анкетите ги доставуваат до одделенските раководители кои со список ја известуваат стручната служба за изборот на изборниот наставен предмет на учениците во нивната паралелка. Во согласност со насоките од МОН и БРО се врши распределба на учениците и паралелките за изборните предмети. Изборниот предмет според наставниот план и програма се следи 2 часа неделно.

Во согласност со насоките избор на слободни изборни предмети според Новата концепција за основно образование во 3 и 4 одделение се доставени анкетни листови со понудени слободни изборни предмети во 4 категории по 3 изборни предмети.

Според извештаите од спроведените анкети оваа учебна година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

| **Изборни предмети** | | |
|---|---|---|
| **Одделение** | **Предмет** | **Наставник** |
| | **Слободни изборни предмети во IV и V одделение** | |
| **Iva,б,в,г** | Образование за животни вештини- I полугодие<br>Одбојка – II полугодие | Цветанка Петрова, Марија Христовска, Радмила Стошиќ, Христина Јовановска |
| **Va,б,в** | Игри за разрешување на конфликти- I полугодие<br>Уметност- креирање од хартија- II полугодие | Дијана Стевковска, Викторија Чалоска, Велибор Бубулески |
| | **Изборни предмети од VI од IX одделение** | |
| **VI а, б, в** | Класична култура на европските цивилизации | Татјана Георгиевска |
| **VII а, б, в** | Изборен спорт | Александра Николовска, Марјан Угриновски |
| **VIII а, б, в** | Вештини за живеење | Татјана Георгиевска, Марија Златановска, Јадранка Георгиевска |
| **IX а, б, в** | Истражување на родниот крај | Роберт Босилковски |

| | | |
|---|---|---|
| | Техничко образование | нов наставник |

**8.10. Дополнителна настава**

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците. Образовните групи за дополнителна настава ќе се оформат во различни периоди во зависност од времето кога ќе се појават одредени слабости кај поедини ученици. Оваа настава ќе се организира во текот на целата наставна година.

За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата. Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава.

На крајот од учебната година наставниците го заверуваат Образецот изготвен од БРО за дополнителна настава. Дополнителната настава се реализираат преку наставни часови што се утврдени со распоред на часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат.

**8.11. Додатна настава**

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава за учениците, наставникот ќе им ја понуди на учениците, а учениците во договор со родителите одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава.

На крајот од учебната година наставниците го заверуваат Образецот изготвен од БРО за додатна настава.

Додатната и дополнителната настава се реализира преку наставни часови што се утврдени со распоред на часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат.

### 8.13. Работа со надарени и талентирани ученици

Секое дете низ наставата има право да напредува толку колку што му овозможуваат неговите потенцијали. Потребно е да се применуваат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат потребите на децата со различни способности. За децата кои се истакнуваат во едно или повеќе подрачја потребно е да се планираат и реализираат посебни програми со што ќе им се овозможи да ги развијат своите натпросечни способности.

Наставникот кој ќе идентификува надарен или талентиран ученик изработува посебна програма за работа со надарени и талентирани ученици. Програмата ќе се реализира од месец септември до месец мај за секој наставен предмет одделно по кој ученикот покажува талент. Одговорни лица за работа со талентирани и надарени ученици се одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко – психолошката служба.

Во нашето училиште во рамките на можностите и условите за работа во процесот на идентификација и поддршка на надарените, талентираните и креативните ученици се спроведуваат следните активности:

| Активност | Време на реализација | Ресурси | Реализатор |
|---|---|---|---|
| 1.Запознавање и информирање на наставниците со знаците за идентификација (откривање) и следење на надареното, талентираното и креативното дете во самата паралелка | септември, 2022 год. | Стручна литература и презентации на стручните активи за рана идентификација и препознавање на овие ученици. | Директор, психолог, педагог, дефектолог |
| 2.Подоготовка на соодветна скала за надареност, креативност и талентираност и доставување и презентација на наставниците | октомври, 2022 год. | Скала за надареност, креативност и талентираност. | Психолог, педагог, дефектолог, наставници |
| 3.Примена на психолошки мерни инструменти кај учениците за кои наставниците детектирале надареност, талент или креативност . | октомври, 2022 год. | Примена на психолошки мерни инструменти | психолог, педагог, дефектолог, наставници |
| 4.Повратна информација до наставниците по сумираните резултати од страна на психологот | октомври, 2022 год. | Психолог, педагог, дефектолог, наставници | психолог, педагог, дефектолог, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Пополнување на скала за надареност од страна на родители чии деца се идентификувани за надарени, талентирани или креативни | ноември, 2022 год. | Скала за надареност, талентираност, креативност. | Родители |
| 6.Пополнување на скала за надареност од страна на соучениците во одделенијата во кои се идентификувани ученици со надареност, талент и креативност | ноември, 2022 год. | Скала за надареност, талентираност, креативност. | Соученици |
| 7.Препораки до наставниците и родителите за работа со оваа група на ученици | ноември, 2022 год. | Брошура, флаер, разговори | директор, психолог, педагог |
| 8.Работа со оваа група ученици, советодавни разговори за правилно развивање и насочување на нивните креативни способности, талент и надареност | Континуирано | Евидентни листови за разговор со ученици. Дневник за работа со ученици. | Психолог, педагог |
| 9.Истакнување на постигнатите резултати на оваа група на ученици | Континуирано | Евидентни листови за разговор со ученици. Дневник за работа со ученици. | Психолог, педагог |
| 10.Континуирано вклучување на оваа група на ученици во организирање на културните манифестации, натпревари и друг вид активности | Континуирано | Евидентни листови за разговор со ученици. Дневник за работа со ученици. Записници од реализирани натпревари, манифестации и друг вид активности | психолог, педагог, дефектолог, наставници |
| 11. Пофалби и награди за оваа група на ученици во текот на учебната година кои се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето, натпревари, литературни и ликовни конкурси во училиштето и вон него. | Континуирано во текот на учебната година и на крајот на учебната година на денот на доделување на свидетелствата | Награди од типот на училишен прибор, книги, енциклопедии и слично | директор, педагог, психолог, дефектолог, наставници, стручни органи и тела во училиштето и надвор од него |

- Со надарените и талентираните ученици наставниците ќе работат континуирано во целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за

домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици ќе се вклучат и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси.
За таа цел поголема вклученост на оваа група на ученици во сите конкурси, манифестации и натпревари во училиштето има програма за талентирани, надарени и креативни ученици.

**8.14. Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Инклузивниот тим за ученик изработува индивидуален образовен план (ИОП) за деца со посебни образовни потреби со време на реализација од месец септември до месец јуни во текот на една наставна година и истиот на секое тримесечие се ревидира. Индивидуалниот образовен план содржи природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии, дидактички материјали и други податоци за ученикот. Знаењата на ученикот континуирано се вреднуваат поединечно, усмено или писмено со прилагодување според специфичните потреби на ученикот. Програмата треба да биде поттикнувачка и мотивирачка за учениците и да трпи промени во зависност од напредокот на ученикот. Наставниците во своите Годишни планирања изготвуваат програма за учениците со ПОП. ОУРС „Д-р Златан Сремец“ е одговорен Ресурсен центар за нашето училиште. Инклузивниот тим во текот на целата учебна година соработува со Ресурсниот центар со цел подобрување на инклузивниот процес и обезбедување на образовни асистенти.

Училиштето исто така соработува и со стручното тело за проценка базирано на МКФ. Во воспитно-образовниот процес учениците имаат поддршка од образовни асистенти и во соработка со инклузивниот тим на училиштето и наставниците го унапредуваат нивниот индивидуален развој. Учениците се вклучуваат во воннаставни активности, проекти, работилници и активности кои се организирани од страна на училиштето и Локалната заедница.

**8.15. Туторска поддршка на учениците**

Во училиштето немаме дополнителна поддршка за учениците која ја обезбедува Министерството.

## 9.Воннаставни активности

Наставните и вонаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Изборот на вонаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа. Во учебната 2022/2023 г. Вонаставните активности ќе се планираат и реализираат според Концепцијата за вонаставни активности во основното образование изготвена од БРО. Планирањето, организирањето и спроведувањето на вонаставни активности во училиштето ќе се води од следните начела:

1. Вонаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците
2. Вонаставните активности се инклузивни и недискриминативни
3. Вонаставните активности се привлечни за повеќето ученици
4. Вонаставните активности обезбедуваат активно учество на учениците
5. Развиваат интеркултурни компетенции на учениците
6. Ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со Локалната заедница
   Во учебната 2022/2023год. Ќе се реализираат повеќе видови вонаставни активности кои се разликуваат според должината на траење:

1. Краткотрајни вонаставни активности:
   - Излети и екскурзии
   - Еднократни работилници
   - Акции во училиштето или заедницата
2. Подолготрајни вонаставни активности
   - Секции/клубови

На крајот од учебната година во Додатокот на свидетелство за секој ученик се воведуваат вонаставните активности во кои тој учествувал како и нивото на неговиот ангажман во нив.

### 9.1.Училишни спортски клубови

**Училишен спортски клуб „ Јан Амос Коменски“**

-Училишниот спортски клуб (УСК) „Јан Амос Коменски“` е основан во учебната 2018/2019 година. Претседател на клубот е предметниот наставник по физичко и здравствено образование Марјан Угриновски, а потпретседател е Александра Николовска предметен наставник по физичко и здравствена образование.

Општи и конкретни цели на клубот се:

Здружението, УСК „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ Скопје, од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците во училиштето ЈАН АМОС КОМЕНСКИ од Карпош – Скопје**.**

Како посебни цели и задачи на УСК се утврдуваат:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здравствената заштита на спортистите-членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на наставниците и тренери на спортските секции;
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.;
- Соработува со други училишни клубови и други спортски организации и сојузи;
- Врши пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко.

Видови спорт во училишниот клуб се: кошарка и одбојка.

Време на реализација на активностите на УСК започнува од почетокот до крајот на учебната година: септември-јуни, по завршување на редовните часови, два пати неделно по спорт, а опфатеност на учениците е од 12 до 15 ученици по спорт од 6-9 одделение;

Предвидени настапи и турнири – Клубот се натпреварува во Општинските лиги, Градски првенства, Бич-волеј турнири како и меѓу општински турнири;

Оваа воннаставна активност им се нуди на учениците на почетокот на учебната година/септември од страна на одговорните наставници и е доброволна /кој сака и има интерес да членува во клубот, начин на финансирање по пат на доброволни прилози;

Тим за следење на реализација Марјан Угриновски, Александра Николовска, Јасмина Макалоска и Даниела Дамјановска;

### 9.2. Секции/клубови

Во училиштето се формирани вкупно 36 секции и еден клуб. Во одделенска настава се формирани 18 секции, а во предметна настава се формирани 18 секции и еден клуб. Во одделенска настава од 18 секции, од кои една секција е за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците, три секции за поддршка на други вонннаставни интереси на учениците, една спортско рекреативна и 11 секции за продлабочување на знаењата.

Во предметна настава од 18 секции, една секција е за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, две се спортско рекреативни секции и две се секции за поддршка на други вонннаставни интереси на учениците.

Во предметна настава има и еден клуб микробит клуб. Во прилог е даден табеларен преглед на секциите и клубовите, со одговорни наставници, цели временска рамка и возрасна група на ученици.

| ***Одделенска настава*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Име – назив на секцијата- одделение (возраст на учениците)** | **Одговорен наставник** | **Пред кого ќе се реализира/ начин на реализациј а** | **Цели на секцијата** |
| **1.Секција за пеење и играње – „МАЈА ПЛИСЕЦКАЈА“**<br><br>( Секции за поддршка на други вонннаставни интереси на учениците)<br><br>**II – второ одд.;** | Оља Георгиевска<br><br>Катерина Димишковска | Пред ученици и родители | Кај ученикот/ученичката:<br><br>-поттикнување и развивање на детските афинитети кон пеењето и танцувањето,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за пеење, танцување, слободно музичко изразување и движење, како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |
| **2.Секција за пеење и играње –**<br><br>**„Ѕвончиња“**<br><br>( Секции за поддршка на други вонннаставни интереси на учениците)<br><br>**II – второ одд.;** | Живка Пројчевска<br><br>Ивана Јошевска | Пред ученици и родители | Кај ученикот/ученичката:<br><br>-поттикнување и развивање на детските афинитети кон пеењето и танцувањето,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за пеење, танцување, слободно музичко изразување и движење, како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.Секција за пеење и играње – „Весели дечиња“**<br><br>( Секции за поддршка на други вонаставни интереси на учениците)<br><br>**II – второ одд.;** | Ирена Буклеска<br><br>Светлана Стојановска | Пред ученици и родители | Кај ученикот/ученичката:<br><br>-поттикнување и развивање на детските афинитети кон пеењето и танцувањето,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за пеење, танцување, слободно музичко изразување и движење, како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |
| **4.Драмска секција - „УБАВИ ЗБОРОВИ’’**-<br><br>( Секција за поддршка на други вонаставни интереси на учениците)<br><br>**II- второ одд.;** | Роза Василевска<br><br>Одделенски наставник | Драматизирање различни драмски текстови.<br><br>Пред ученици и родители. | Кај ученикот/ученичката:<br><br>-да побудува и развива интерес за драмска и театарска уметност и да ги поттикнува учениците за драмска изведба и сценски настап,<br><br>-да го развива правилно говорот и дикцијата и да развива интерес и љубов кон македонското творештво,<br><br>- да ја јакне самодовербата,<br><br>-да го поттикнува чувството за тимска работа и соработка меѓу учениците и да ја поттикнува желбата за творење |
| **5.Секција за пеење и играње „ТАЛЕНТИ’’**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**III –трето одд.** | Марија Јошеска<br><br>Златица Апостолов | Пред ученици | -поттикнување и развивање на детските афинитети кон пеењето и танцувањето,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за пеење, танцување, слободно музичко изразување и движење, како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |
| **6.Секција – Креатива**<br><br>**„МАЛИ КРЕАТИВЦИ’’**<br><br>( Секции за поддршка на други вонаставни интереси на учениците)<br><br>**III –трето одд.** | Ирена Пантова<br><br>Билјана Димитровска Стојанова | Пред ученици и родители<br><br>Креирање ритмичко-балетски игри, музички изведби | -поттикнување и развивање на детските афинитети кон развивање на креативноста и создавањето на креативни изработки од различни материјали<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за создавање, конструирање, творење на творби од различни материјали како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување на нивната креативност и оригиналност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.Ликовно образование** – **„КРЕАТИВЦИ’’**<br><br>(Секции за проширување/продлабочување на содржините)<br><br>**III –трето одд.** | Невена Миовска<br><br>Ангела Пејовски | Училишни изложби и изработки од учениците Уредени ликовни катчиња. | -поттикнување и развивање на детските афинитети кон ликовното изразување и креативно создавање на изработки,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за креација/создавање и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |
| **8.Литературна секција-„ МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА’’**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**IV–четврто одд.** | Одделенски наставник | Пред ученици и родители, уредување на литературни катчиња | -учениците да развиваат вештини, знаења за правилно изразување од подрачјето читање, литература и лектира, изразување и творење.<br><br>-да се развива љубовта кон пишаниот збор, читањето, драм-ски изведби, интерес кон кул-турата, критичко размислување и творење. ,<br><br>-учество на литературни конурси. |
| **9. Секција за пеење и играње –**<br><br>**„Нови ѕвезди“**<br><br>( Секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците)<br><br>**IV–четврто одд.** | Марија Христовска | Пред ученици и родители | -поттикнување и развивање на детските афинитети кон пеењето и танцувањето,<br><br>-откривање на детскиот потенцијал за пеење, танцување, слободно музичко изразување и движење, како и насочување на истиот кон понатамошен развој и надоградување |
| **10. Ликовна секција –„ МАЛИ УМЕТНИЦИ’’**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**IV–четврто одд** | Радмила Стошиќ | Училишни изложби и изработки ликовни катчиња. Учество на ликовни конкурси. | Се очекува дружење и учење, учениците да се стекнат со знаења, креативни способности, вештини, ставови / вредности определени главно од следниве подрачја: цртање, сликање, моделирање и дизајн. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11. Математичка секција- „ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА’’-**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**IV– четврто одд.** | Анета Туринидов | Пред ученици и родители. Решавање нумерички и текстуални задачи<br><br>(понапредно ниво). | Да им помогне на надарените и посебно талентираните ученици да се развиваат непречено и оптимално ;<br><br>-да им дава можност на учениците за продлабочување и проширување на своите знаења од математичкото подрачје за кои покажуваат посебна способност и интерес;<br><br>-да ги става учениците во наставни и посебни ситуации во кои ќе имаат можност да напредуваат со сопствено темпо; |
| **12. “The English Wizards”**<br><br>(секција за проширување и продлабочување на содржините)<br><br>**I, III одд.**<br><br>Возраст:<br><br>**6, 8 години** | Благица Ризова | Пред ученици;<br><br>Гледање едукативни видеа, презентации и песнички, драматизација на кратки текстови, изработка на проекти, учество во интерактивни игри за проширување на вокабуларот. | Унапредување на комуникативните вештини и проширување на знаењето |
| **13. Математичка секција - „АБАКУС’’**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**V – петто одделение** | Дијана Стевковска | Пред ученици Решавање нумерички и текстуални задачи<br><br>(понапредно ниво). | Ученикот/ученичката:<br><br>-учениците ќе развиваат техники и вештини за решавање математички проблеми со разбирање и користење на различни стратегии; форми и геометриско размислување; мерење : пари, должина, маса, зафатнина и време;<br><br>- организација и категоризација и прикажување на податоци и организација на забавни ученички игри со натпреварувачки карактер. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14. Литературна секција - „ЅУНИЦА’’**<br><br>(Секции за проширување /продлабочување на содржините)<br><br>**V – петто одделение** | Викторија Чалоска | Литературн и творења, учество на литературни конкурси. Пред ученици и родители. | Ученикот/ученичката:<br><br>-ќе се обрне внимание на оние компетенции што се однесуваат на: развој на љубовта кон пишаниот збор т.е. читањето,<br><br>-поттикнување на интересот за културата, размислувањата, говорењето,<br><br>-развојна интересот кон литературното творење и учествување на литературни конкурси,<br><br>-учество во изведување драмски текстови. |
| **15.Ликовна секција –„КРЕАТИВА’’**<br><br>(Секции за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**V – петто одделение** | Велибор Бубулевски | Училишни изложби и изработки од учениците пред ученици и родители, уредување ликовни катчиња. Учество на ликовни конкурси. | Ученикот/ученичката:<br><br>-ќе се обрне внимание на оние компетенции што се однесуваат на:-развојот на моториката на раката, педантноста и истрајноста, самодовербата, тимската работа, групно одлучување и решавање проблеми, на критичкото размислување и креативноста,<br><br>-да се ракува со различни видови материјали и соодветно користење на извори од интернет. |
| **16.Спортско рекреативни секција – „ЕНЕРГИЧНИ ПАТИКИ“**<br><br>**I – прво одд.** | Татјана Јанкуловска | Пред учениците и наставници-те, меѓуоделе нски натпревари во училиштето | -да се поттикнува правилниот физички развој(психомоторниот и функционалниот)с о правилна изведба на природните локомоторни движења;<br><br>-да се оспособува за соработка, тимска работа и ферплеј однесување при изведување на игрите и спортувањето; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.Ликовна секција –„МЛАДИ УМЕТНИЦИ’’**<br><br>(Секција за проширување/ продлабочување на содржините)<br><br>**I – прво одд.** | Елизабета Мирчевска | Училишни изложби, на изработки од учениците. Уредување ликовни катчиња. Учество на ликовни конкурси. | Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја развива моториката на прстите и раката;<br><br>-да развива концентрација на внимание и истрајност во работата, самодовербата, тимската работа,<br><br>-да ракува со различни видови материјали ;<br><br>- соодветно користење на извори од интернет |
| **18.Секција за правење оригами –**<br><br>**„ОРИГАМЧИЊА’’**<br><br>( Секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците)<br><br>**I – прво одд.** | Билјана Стојков | Училишни изложби и изработки од учениците. Уредување на ликовни катчиња. Пред ученици и родители. | Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја развива моториката на прстите и раката,<br><br>-да развива концентрација на внимание и истрајност во работата,<br><br>-да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на хартија |

| *Предметна настава* | | | |
|---|---|---|---|
| **Име – назив на секцијата-одделение (возраст на учениците)** | **Одговорен наставник** | **Пред кого ќе се реализира/ начин на реализација** | **Цели на секцијата** |
| **1. Литературно – рецитаторска секција - „ЛИРСКИ ТРЕПЕРЕЊА''** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **VI-IX одд.** Возраст:**11-15 години** | Грозданка Кажлева | Литературните творења и литературните читања ќе се реализираат по повод државните празници. Учество на литературни конкурси. Активности ќе се реализираат пред учениците на училиштето. | Целта на литературно–рецитаторската секција е учениците кај кои постои интерес за македонскиот јазик и литературата како уметност да ги продлабочат и прошират своите знаења за литературните родови и видови;<br>-преку создавање индивидуални, креативни, творечки состави, песни и творби од друг тип да ги развиваат своите творечки способности , да го развиваат талентот за пишување сопствени творби на македонски литературен јазик;<br>-да се издвојат учениците кај кои постои најголема дарба, талент и љубов кон литературата, изразувањето и способноста своите размислувања и ставови за одредена тема да ги развијат културните потреби на младите преку културата на говорот и однесувањето |
| **2.Драмска секција - „УМНИ ГЛАВИ''** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **VI-IX одд.** Возраст:**11-15 години** | Елизабета Теодосиевска | Драматизирање различни драмски текстови. Пред ученици и родители. | Кај ученикот /ученичката:<br>-да побудува и развива интерес за драмска и театарска уметност и да ги поттикнува учениците за драмска изведба и сценски настап,<br>- да го развива правилно говорот и дикцијата и да развива интерес и љубов кон македонското творештво, да ја јакне самодовербата,<br>-да го поттикнува чувството за тимска работа и соработка меѓу учениците и да ја поттикнува желбата за творење |
| **3. Англиски јазик секција – "BigBen"** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **II, IV,VIII одд.** Возраст:**7, 9 и 13 години** | Билјана Трајкова | Изработка на проекти и презентации, обработка и анализа на текстови, гледање филмови, драмски изведби на дела на англиски јазик. Пред ученици и родители. | Да се прошируваат знаењата за англискиот јазик и култура преку различни соодветни активности, презентации и филмови. |
| **4.Англиски јазик- секција - „Community''** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **V,VIII и IX одд.** Возраст:**10,13 и 14 години** | Горан Ристевски | Изработка на проекти и презентации, обработка и анализа на текстови, гледање филмови, драмски изведби на дела на англиски јазик. Пред ученици и родители. | -унапредување и усовршување на комуникативни вештини со употреба на англиски јазик;<br>-со дискусии и дебати на дадени теми од повеќе области (музика, спорт, историја итн.)-индивидуално, во групи и тимови со разменување на мислења и искажување лични ставови.<br>-културен развој – со теми од домашна и странска култура, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.Секција по физика- „Забавна физика’’ – „SMART “** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **VIII и IX одд.** Возраст:**13- 15 години** | Рада Стаменкоска | Изработка на проекти, истражувања, изведување експерименти, изучување на физички поими. Пред ученици и родители. | -секцијата им овозможува на сите ученици без разлика на нивниот успех во редовната настава интерес кон физиката како фундаментална наука.<br>-посебен акцент се става врз развивањето на вештините, умеењата и навиките на учениците во правец кон развојот на нивните индивидуални предиспозиции и желби од различни области на физиката.<br>-секцијата на учениците им овозможува активно да учествуваат во проектни активности и натпревари. |
| **6.Математичка секција - „ МАТЕМАТИЧКИ РЕФЛЕКСИИ’’** (Секција за проширување/продлабочување на содржините) **VIII и IX одд.** Возраст:**13- 15 години** | Јадранка Георгиевска | Решавање нумерички и текстуални задачи (понапредно ниво). Општински натпревари помеѓу училиштата од општина Карпош. Пред ученици. | -развивање на вештини за користење на информатички технологии, истражување и критичко размислување;<br>-развивање на логичкото размислување и самостојно заклучување;<br>-развивање претприемнички вештини и способност за планирање буџет;<br>-развивање на способност за поврзување на математиката со друга наука, уметност или проблем од секојдневниот живот;<br>-развивање желба за знаење и љубов кон математиката. |
| **7.Математичка секција- „ КЕМБРИЦ’’** (Секција за проширување/продлабочување на содржините) **VI, VIII, IX одд.** Возраст:**11-15 години** | Светлана Софеска | Решавање нумерички и текстуални задачи (понапредно ниво). Општински натпревари меѓу училиштата од општина Карпош. Пред ученици. | -учениците да ја изразат својата креативност и кај нив да се развие чувството за неопходност од математички знаења во практични ситуации, но и љубовта кон математиката како наука. |
| **8. Хемиска секција- „ПОЗИТРОН’’** (Секција за проширување/продлабочување на содржините) **VIII и IX одд.;** Возраст:**13- 15 години** | Александра Блажевска | Изработка на проекти, правење на експерименти со помош на хемиски средства. Пред ученици. | -проширување и продлабочување на содржините од наставниот предмет хемија.<br>-практикување на учење преку истражување и развивање на лабораториски вештини |
| **9.Биолошка секција - „ ЧАРЛС ДАРВИН’’** (Секција за проширување/продлабочување на содржините) **VII-IX одд.** Возраст:**12- 15 год.** | Олимпија Јовческа | Изучување на биолошките поими, екологијата, уредување еколошки катчиња и изработка на проекти. Пред ученици. | -да се развие желба и интерес за проширување на знаењата и стекнување на нови информации за живиот свет, животните процеси и еколошките проблеми<br>-оспособување на ученикот за истражувачки активности; мотивирање на учениците за изучување на биологијата. |
| **10.Секција по географија- „ГЕОГРАФИ – МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ’’** (Секција за проширување/ продлабочување на содржините) **VI-IX одд.** | Сузана Јакимовска | Изучување на географски поими, изработка на проекти, презентирање и изработка на брошури, флаери и постери. | -да создаде одговорност во учеството за реализација на програмата,<br>-да развие желба и интерес за проширување на знаењата и стекнување нови информации за други континенти, држави, народи, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст:**11-15 год.** | | | обичаи, јазици, религии;<br>-да умее да ги користи и поврзе стекнатите знаења од другите наставни предмети во активностите на географската секција. |
| **11.Музичката секција- „ЉУБИТЕЛИ НА МУЗИКАТА’’**<br>(Секција за поддршка на други воннаставни интереси)<br>**VI-IX одд.**<br>Возраст:**11-14 години** | Марија Златановска | Свирење на различни инструменти и изучување на различни хорски изведби.<br>Општински натпревари помеѓу училиштата од општина Карпош.<br>Пред ученици и родители. | -развивање желба и проширување знаења за музиката од сите жанрови, преку слушање и учество во проекти, според интересот на учениците |
| **12. Ликовна секција – „АРТ”**<br>(Секција за проширување/продлабочува ње на содржините)<br>VI-IX **одд.**<br>Возраст: **11-15 години** | Даниела Илиевска Стојчева | Училишни изложби и изработки од учениците.<br>Уредување на ликовни катчиња.<br>Учество на ликовни конкурси. Пред ученици и родители. | -да ги разбира и применува карактеристиките на цртеж како слика и како самостоен ликовен израз;<br>- да развива чувство за анализа на дела и градење на индивидуално критичко и креативно мислење; -да компонира и креативно користи контрастни тонови за естетско декорирање; |
| **13. Одбојкарска секција - „СУПЕРНОВА’’**<br>(Спортско рекреативна секција)<br>**VII, VIII и IX одд.**<br>Возраст:**12- 15 години** | Александра Николовска | Пред учениците и наставниците, општински натпревари помеѓу училиштата од општина Карпош | -поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;<br>-развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;<br>врши пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко; |
| **14. Кошаркарска секција - „НЕПОБЕДЛИВИТЕ’’**<br>(Спортско рекреативна секција)<br>**VII, VIII и IX одд.**<br>Возраст:**12- 15 години** | Марјан Угриновски | Пред учениците и наставниците, општински натпревари помеѓу училиштата од општина Карпош | -поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;<br>-развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;<br>- врши пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко; |
| **15. Историска секција – „ЉУБЕН ЛАПЕ“**<br>(Секција за проширување/продлабочува ње на содржините)<br>**VII-IX одд.;**Возраст:**12- 15 год.** | Жарко Благојевиќ | Историски читања, изучување на историјата и пишување историски есеи. Пред ученици и родители. | -продлабочување на знаењата за одредени историски личности и настани;<br>-развивање на чувство и почит кон националната историја и историјата на другите народи;<br>-практикување на учење преку истражување и развивање на истражувачки вештини |
| **16.Секција по германски јазик - „МЛАДИ ГЕРМАНИСТИ’’**<br><br>(Секција за проширување/продлабочува ње на содржините) | Зоран Ристовски | Изработка на проекти и презентации, обработка и анализа на текстови, гледање филмови, драмски изведби на дела на германски јазик. Пред ученици и родители. | -да се прошируваат знаењата за германскиот јазик и култура**;**<br>-преку различни соодветни активности и видео презентации за земјите со германско јазично подрачје ( Германија, Австрија и Швајцарија )**;** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **VII-IX одд.**Возраст:**12- 15 год** | | | -**а**фирмација на учениците на натпревари |
| **17. Секција по англиски јазик –”The English club”**<br>(Секција за проширување/продлабочување на содржините)<br>**VI и VII одд.**<br>Возраст:**11 и 12 г.** | Јасмина Макалоска | Изработка на проекти и презентации, обработка и анализа на текстови, гледање филмови, драмски изведби на дела на англиски јазик.Пред ученици и родители. | -унапредување и усовршување на комуникативни вештини со употреба на англиски јазик;<br>-со дискусии и дебати на дадени теми од повеќе области (музика, спорт, историја, итн.)<br>– индивидуално, во групи и тимови со разменување на мислења и искажување лични ставови. |
| **18. Секција Граѓанско образование -„ЦИВИТАС’’**<br>Секција Граѓанско образование<br>(Секција за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците)<br>**VIII и IX одд.**<br>Возраст:**13- 15 г** | Татјана Георгиевска<br>Елизабета Ивановиќ | Отворен ден за граѓанско образование<br>Пред ученици. | -да практикуваат демократско донесување на решенија во училиштето;<br>-да умеат да решаваат конфликти со практикување различни методи (метод на медијација, метод на играње улоги и други)<br>-да манифестираат однесување кое придонесува за добробитта на целата заедница и да се вклучуваат во решавање на проблемите на локалната заедница; |
| **Клуб – МИКРОБИТ**<br><br>(Клуб за проширување/ продлабочување на знаењата)<br><br>**VI, VII, VIII и Iходд.**<br>Возраст:**11- 15 г** | Лирие Мемети | Пред ученици;<br>Практична изработка на програми со помош на микробит; | Кај ученикот /ученичката:<br>-да побудува и развива интерес за уредот Микро:бит и начинот на негово користење и функционирање;<br>- да се подготват за новото време на индустриска револуција и паметни технологии;<br>-развивање и јакнење на дигиталните вештини и компјутерската писменост;<br>-на забавен и интерактивен начин да научат нови дигитални и програмерски вештини;<br>-да се поттикне и развие креативното, критичкото и аналитичкото размислување при решавањето на одредени „проблеми“ од било која област. |
| **Фото клуб**<br>„Со уметност до граѓанска иницијатива“<br>(клуб за проширување, продлабочување на знаењата и јакнење на граѓанските компетенции)<br>**VI, VII, VIII и Iходд.**<br>Возраст:**11- 15 г** | Татјана Георгиевска | Обработка/ фотошоп на дигитална фотографија и изложби. Изработка на клуб весник/брошура и поттикнување на граѓанска иницијатива со фотографија.<br><br>Пред ученици и родители | Кај ученикот /ученичката:<br>- поттикнува креативност преку фотографија,<br>- го јакне интересот за споделување и дава конструктивна критика на фотографиите на врсниците,<br>- се едуцира и ги подобрува техничките вештини и љубовта кон фотографијата.<br>- ги јакне на забавен и интерактивен начин новите дигитални вештини/ фотографските |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вештини и поттикнува емпатија преку фотографија<br>- ја согледува важноста на фотографијата за документирање на историски настани и можноста за активизам за општествени промени (создавање општествени промени) |

***Временска рамка:*** Активностите ќе се реализираат во текот на целата учебна година.

### 9.3. Акции

Акциите се краткотрајни вonнаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во поширокат а околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството итн.). Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција.

Акциите може да ги иницира училиштето (раководството, стручната служба или наставниците) или ученичките тела, по спроведена анкета меѓу учениците. Раководството на училиштето, во соработка со наставниците и со претставниците на ученичките тела, ги избира акциите што ќе бидат спроведени во текот на конкретната учебна година и ги вклучува во Годишната програма за работа на училиштето.

| Акции | Име и презиме на одговорни наставници | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат | Број на ученици од паралелки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Базари** | Одд. Раководители од 1-9 одд. | Велигденски Базар | април 2023 год. | Соодветни материјали и средства потребни за изработка на предмети од страна на ученици, родители и наставници | Вклучени се сите ученици |
| **Хепенинзи** | Одд. Раководители од 1-9 одд. | Ликовен хепенинг<br>Литературен<br>Првоаприлски | октомври 2022 год<br>март<br>мај<br>2023 год | Хамер, паноа, штафелаи, бои, разни материјали и сл. Во соработка со ученици, наставници, родители | Ученици кои покажува-ат афините-ти и креативн-ост |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Хуманитарни настани** | Подмладок на Црвен крст<br>Одговорни наставници за Црвен Крст | Ден на гладта<br>Хуманитарни Базари<br>Меѓународен ден на детето и други тековни хуманитарни настани за собирање на храна, облека и средства за дезинфекција | септември 2022 год -јуни 2023 год | Соодветни материјали и средства донирани од страна на ученици, наставници и родители | Вклучени се сите ученици |
| **Еколошки акции** | Членови на Еко одбор | Одбележување на денови за заштеда на енергија, вода, заштита на планетата Земја, климата, озонската обвивка, животната средина | септември 2022 год-јуни 2023 год | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработка со ученици, наставници, родители | Вклучени се сите ученици |
| **Светски ден на мирот** | Тим за мировно образование<br>Ученички парламент | Одбележување на светскиот ден на мирот преку креативно творење на тема: Мир е среќно дете“, Дискусија – „Што значи зборот мир за мене?“<br>Вклучување во кампања за мир | 21-ви септември 2022 год | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработка со ученици, наставници, родители | Вклучени се сите ученици |
| **Отворен ден за граѓанско образование** | Наставник по ГО<br>Стручни соработници<br>Секција по ГО<br>НВО организации и локална заедница | Промовирани граѓански вредности на ниво на целото училиште и пошироката заедница<br>Зајакната одговорност кај учениците за состојбите во училиштето и пошироката околина<br>Практикување демократско однесување на учениците преку спроведување конкретна акција за позитивна промена во средината | Ден на човекови права | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработка со ученици, наставници, родители<br>Видео бим, лцд проектор, компјутер, простор во холот на училиштето | Вклучени се сите ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности по повод светскиот ден на човековите права на тема другарство:**<br><br>**„Сите сме различни но заедно сме посилни“ и „Другарството е предизвик“** | Тим за мировно образование, ученички парламент, литературна, драмска и ликовна секција, тим за антикорупција, одд. И предметни наставници од 1-9 одд. | Развивање позитивна свест кај учениците за важноста на соодветно однесување и правилна комуникација Афирмирање на работата на учениците и наставниците Промовирање на другарството со почитување на разликите меѓу учениците начин за намалување на несоодветното однесување | декември 2022 год март 2023год | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработка со ученици, наставници, родители видео бим, ЛЦД проектор, компјутер | Вклучени сите ученици |

Одговорни наставници и ученици од Тимот за поддршка за соодветни акции ќе бидат дополнително избрани и вклучени на почетокот на учебната година на првиот Наставнички совет, како и на состанокот на Совет на родители.

## 10. Ученичко учење и организирање

## Ученици и ученички организации

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Врз основа на член 68 став (1) и став (4)од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.161/19 и 229/20) Училиштето треба да овозможи и активно да ги поттикнува учениците да се здружуваат, освен во заедница на паралелка и училишна заедница, и во посебни, ученички тела и други ученички работни тела. Преку нив на учениците им се даваат структурирани можности активно да ги истражуваат и да дискутираат за различните аспекти на училишниот живот што се релевантни за нив, да учат да зборуваат за проблемите што ги засегаат преку свое избрано тело и негови претставници, да соработуваат во различни контексти (во различен етнички и родов состав или пак со ученици со различни погледи) и да откриваат различни аспекти на работите што се

релевантни за нив, да ги анализираат за да можат потоа да работат на нивно подобрување. На тој начин училиштето се трансформира во место за искуствено учење и практикување на демократија и демократско функционирање во општеството, наместо да служи само како место за стекнување знаења по одредени предмети.

Претседателството на Ученичкиот парламент подготвува сопствена програма која е во согласност со законските надлежности, а обезбедува активно учество во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците. Претседателството на ученичкиот парламент ќе има по двајца претставници од шесто до деветто одделение, кои ќе се состануваат почесто, а еднаш во месецот ќе го свикуваат целиот ученички парламент со претставници од паралелките од прво до деветто за да ги споделат информациите кои се важни за одделенијата. Правобранителот ќе има простор и определен термин во текот на една работна седмица во кој ќе ги прима претставките од учениците и ќе соработува со стручната служба, а по потреба и со народниот правобранител. Информациите, анонимно ќе ги споделува со ученичкиот парламент и ќе бараат заеднички решенија на потенцијални ситуации на прекршување на детските права.

**Подмладок на Црвениот крст**

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси, преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности.

**Цели:**

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

**Детска организација**

Развивање на чувство за припадност и дружење кај учениците, подигање на културна свест и развивање на натпреварувачки дух, воспоставување на раководство на Детска организација, организирање на посети, учество во квизотека.

**Ученички активизам**

Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. Начинот на ученичкото организирање се уредува со Статутот на училиштето.

„За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

**План за работа на ученичкиот парламент во текот на учебната година**

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на ученичкиот стандард, како што стои и во законот. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во советот на родители и наставничкиот совет. Исто така, учениците организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

**Придобивки од ученичко организирање и учество – демократска партиципација на учениците во сите сегменти на воспитно образовниот процес во училиштето**

<table>
<tr><td>Одговорност и посветеност кон нештата</td><td>Развиваат самодоверба и позитивна слика за себе</td><td rowspan="2">Учат да го изразуваат своето мислење и да го почитуваат туѓото</td></tr>
<tr><td>Учат за своите права, како и за нивните граници и обврски</td><td rowspan="2">УЧЕНИЦИТЕ ТРЕБА ДЕМОКРАТСКИ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО УЧИЛИШНИОТ ЖИВОТ БИДЕЈЌИ ТАКА:</td></tr>
<tr><td>Учат што значи демократија и како се практикува демократија</td><td>Учат како се преземаат акции и како се внесуваат промени</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Развиваат потенцијал за спротивставување на насилството и на занемарувањето | | Учат да донесуваат одлуки |
| Учат како да се грижат за себе и за другите | Учат да прашуваат и да имаат свој став | Учат како да бидат слушнати и како да го слушаат туѓото мислење |

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.161/19 и 229/20)  и Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта во оваа учебна година предвидени се следните вонучилишни активности:

- за учениците од III одделение – еден ден
- за учениците од VI одделение – два дена
- за учениците од IX одделение – три дена
- за учениците од V одделение (настава во природа) – од три до пет дена
- еднодневен излет во блиската околина финансиран од Општина Карпош- I – IX

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Од нашето училиште во вонучилишни активности од шесто до деветто одделение вклучени се 14 ученици. Од нив 8 ученици посетуваат музичко училиште (државно и приватно) и свират одреден инструмент (гитара, пијано, виолина, синтисајзер и друго). Танц посетуваат 5 ученички од осмо и деветто одделение во државно и приватно балетско училиште. Една ученичка се натпреварува во уметничко лизгање во нашата држава и на меѓународни натпревари. Еден ученик од шесто одделение е скијач со врвни резултати и е член на државната репрезентација.

***Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности***

| Спортски вонучилишни активности: |
|---|
| **Уметничко лизгање** |
| Исидора Исјановски – 7б |
| **Скијачки клуб** |
| Војдан Калеников – 6а |
| **Пливање** |
| Виктор Буклевски 6б |
| **Пинг понг** |

| Матеа Смолиќ | | |
|---|---|---|
| **Музичко и балетско училиште и танц** | | |
| **Музичко училиште (приватно или државно)** | **Балетско училиште (приватно или државно)** | **Танц/Хип Хоп** |
| Ангела Тунеска –пијано, 7в одд. | Антонија Атанасова - (балет, Луј)-9б одд. | Теодора Георгиевска 9а одд. |
| Миа Цидрова – пијано, 8а одд. | Кристина Христовска 6б одд | Ива Гончева 9а одд. |
| Настоски Максим – гитара, 9а одд | | Ива Милојевиќ9а одд. |
| Иван Младеновски – гитара, 9а одд | | Сара Киркова – 9б одд. |
| Марко Неделковски – синтисајзер, 9а одд. | | Ива Мешковска 6б |
| Лука Негриоски - пијано (музичко) 9б одд | | |
| Давид Иљов - пијано (музичко)9в одд. | | |

## 12. Натпревари на учениците

Од нашето училиште секоја година најдобрите и најталентираните ученици од IV- IX одделение учествуваат на училишни, општински, регионални и републички натпревари по наставните предмети од природната, јазичната група и општествено хуманитарната група на наставни предмети. Учениците од нашето училиште учествуваат на сите натпревари по сите предмети организирани од акредитирани здруженија. Училишните натпревари се организираат за учениците од IV – IX во текот на првото полугодие, а учениците кои постигнале најдобри резултати на училишните натпревари, учествуваат на регионални, градски и републички натпревари. Нашето училиште им дава поддршка на учениците кои се натпреваруваат со менторска подготовка.

**Училишни, општински регионални, државни и натпревари со меѓународен карактер**

Училишните натпревари се реализираат во текот на првото полугодие по природната, јазичната и општествено хуманитарната група на наставни предмети. Наставниците веќе во месец октомври ја даваат првата информација за начинот на организација и правилата за учество на училишни натпревари. Еден ученик не може да учествува на повеќе до три натпревари. За навремено да се подготват учениците кои сакаат да учествуваат на натпреварите, наставниците им ги соопштуваат темите за натпреварот на сите ученици.

Преку соопштение тимот наставници по одреден наставен предмет ги информира заинтересираните ученици во секоја паралелка најмалку два дена пред училишниот натпревар. Во соопштението е наведено времето и местото на реализација на натпреварот и правилата за пријавување на ученикот. Заинтересираните ученици се веќе претходно информирани за наставните содржини и теми за кои ќе се однесува натпреварот. Времето е

секогаш после часовите во слободна /слободни училници во зависност од бројот на пријавени учесници на натпреварот. Резултатите на сите ученици се објавуваат на огласна табла. Учениците со освоено прво, второ и трето место се пласираат за општински натпревар. Учениците кои се рангирани со највисоки постигнувања на општинскиот натпревар се пласираат на регионалниот натпревар и на државниот натпревар.

Најдобрите ученици на државниот натпревар добиваат дипломи и парични награди Наставниците ментори кои ги водат учениците на натпревари од повисок ранг организираат дополнителна подготовка и активности за учениците натпреварувачи учесници на регионален или државен натпревар. Според правилата еден ученик не може да учествува на повеќе од три натпревари.

## Програма за ученички натпревари

**План**

Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од IV до IX одд.

Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари; Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија;

Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување; Спроведување на натпреварите; Истакнување на резултатите;

Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг;

**Пропозиции**

Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмети; ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество; наставникот- ментор треба да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина.

**Начин на информирање**

Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари; два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците; навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар), усна информација за резултатите пред сите учесници во натпреварот; ранг листа да се предаде на одговорниот наставник; да се састави записник од реализираниот училишен натпревар.

**Спроведување**

Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот; да се избере комисија од соодветни предметни - одделенски наставници; комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар; два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците; присуство на комисијата на самиот натпревар.

**Активности за подготовка на учениците за нивно учество на општински, републички или државни натпревари**

Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотии на ученикот; секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности; навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг;

**Протокол за ученички натпревари**

Место на одржување на ученички натпревари: слободна училница. На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор, исто така одделенските – предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари.

На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден.

Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување. Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници. Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмети. Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите да бидат унифицирани за сите ученици; Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, а кои се горенаведени треба да изготват:

Список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци), едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија, вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место) и третиот список да се достави до педагошко-психолошката служба;

На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИО е во состав: Соња Казакова - педагог, Елизабета Ивановиќ - психолог, Сузана Јакимовска – предметен наставник, Татјана Ѓеоргиевска - предметен наставник, Марија Јошеска – одделенски наставник, Марија Христовска - одделенски наставник;

Оваа учебна година, активностите за МИО ќе ги реализираме во соработка со партнер училиштет „Сабедин Бајрами“ с.Камењане, Општина Боговиње и Општина Карпош, ОУ „Станислав Сремчевиќ“- Крагујевац, Р. Србија.

Училишниот тим во соработка со тимовите од партнер училиштата изготви Акциски план со активности за период од 4 години. Со партнер училиштата испланиравме неколку заеднички активности со различни генерации на ученици. Исто така и Стручни активи со наставници за новините во наставата како и онлајн часови со примена на дигитализацијата според новата концепција во образованието. Заедничките активности се: Реализација на заеднички научни и истражувачки екскурзии – Национален парк Маврово, организирани посети на интегрирани групи ученици на значајни културни и историски места и објекти (Шарена Џамија, цркви, манастири, турска чаршија, Скопско Кале), денови на интеркултура, спортски игри и турнири.

Во училиштето секој наставник во текот на годината изработува работилници на тема МИО кои ги предвидуваат во нивните Годишни планирања, а тимот пак реализира самостојни активности во училиштето поврзани со интеркултура.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

### 14.1.Училиште на 21 век

Програмата „Училишта на 21 век“ е тригодишна образовна програма, во вредност од 10 милиони фунти, дизајнирана и спроведена од Британски совет и финансирана од Владата на Обединетото Кралство. Со неа повеќе од еден милион ученици на возраст од 10 до 15 години во Западен Балкан ќе се стекнат со вештини за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање.

Целта на овој проект е кај учениците да се развијат вештини и знаење со кои ќе помагаат при градењето вештини за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање. Училиштето доби Микро:бит уреди за кодирање, со цел наставниците и децата да се воведуваат во програмирањето преку кодирање. Имаме за цел со овој уред да ги

инспирираме младите креативно да ги користат дигиталните вештини и да развијат основни вештини за наука, технологија и инженерството.

Носители на проектот се директорот и тим наставници од предметна настава:

-наставничката по информатика, наставничката по географија, наставничката по хемија, наставничката по англиски јазик, наставничката по математика и наставничката по граѓанско образование.

Со годишната програма за работа секој наставника од 1-9 одделение предвидува и реализира часови со примена на КРРП (критичко размислување и решавање на проблеми) кои се посетени од директорот и стручната служба на училиштето. Целта е наставниците да ги применуваат вештините од програмата „Училишта на 21 век“ во секојдневната наставна практика.

### 14.2.„БИДИ ИН; БИДИ ИНКЛУЗИВЕН, БИДИ ИНКЛУДИРАН“ организиран од Фондацијата „Чекор по чекор“

**Цели** на проектот се:

-спроведување кампањи за подигање на свеста и активности за промовирање на важноста на инклузивното образование;

-инвестирање и посветеност кон создавање инклузивни средини за учење, елиминирање на бариерите и подобрување на приемчивоста на сите засегнати страни како и на пошироката јавност;

-смислување и спроведување на програма за стипендирање, градење на капацитетите;

-обезбедување туторска поддршка за ученици со попреченост вклучени во образовниот процес, со цел совладување на наставната програма и/или ИОП.

-Информирање на родителите за можностите кои се нудат преку овој проект за учениците со попреченост.

### 14.3 „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ“

Креиран од страна на Здружение на Граѓани Еко Логик, подржан од Швајцарската агенција за развој и соработка во соработка со Општина Карпош основни училишта. Преку реализација на предвидените активности, целта е да се унапреди знаењето за темите:

-велосипедизам,

-одржлив транспорт и

-безбедност во сообраќајот кај децата, родителите, наставниците и пошироката јавност.

Активностите се реализираат преку креативни работилници, изработка на постери, брошури, флаери, натпревари и дружење на велосипед.

# 15.Поддршка на учениците

## 15.1 Постигнување на учениците

**Споредбени анализи на постигањата на учениците по генерации и по наставни предмети во учебните 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година**

Средниот училишен успех кој учениците го постигнаа на крај од учебната 2021/2022 година изнесува 4,87. Во однос на просекот на постигнувањата на учениците по одредени наставни предмети нема значителни статистички разлика од претходните и оваа учебна година.

- **Табеларен приказ на постигнувања на учениците просечен успех по паралелки(одделенија) од, 2019/2020, 2020/2021 2021/2022година**

| Учебна година | Просечен успех по одделенија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех |
| **2019/2020** | 4.97 | 4.97 | 4.90 | 4.86 | 4.89 | 4.93 | **4.92** |
| **2020/2021** | 4.99 | 4.97 | 4.96 | 4.89 | 4.92 | 4.95 | **4.95** |
| **2021/2022** | 4.99 | 4.96 | 4.86 | 4.91 | 4.75 | 4.80 | **4.87** |

- **Табеларен приказ на постигнувањата на учениците од IV - IX одделение по наставни предмети на крајот на учебната 2019/2020г., 2020/2021г. и 2021/2022г.**

| Р.бр | Наставен предмет | Учебна година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019-2020 | | 2020-2021 | | 2021-2022 | |
| | | I полуг | крај | I полуг | крај | I полуг | крај |
| 1. | Македонски јазик | 4.47 | 4.87 | 4.63 | 4.93 | 4.60 | 4.85 |
| 2. | Математика | 4.14 | 4.83 | 4.56 | 4.91 | 4.38 | 4.78 |
| 3. | Англиски јазик | 4.83 | 4.95 | 4.83 | 4.95 | 4.71 | 4.91 |
| 4. | Германски јазик | 4.17 | 4.80 | 4.59 | 4.89 | 4.38 | 4.70 |
| 5. | Француски јазик | / | 4.50 | / | 5.00 | / | / |
| 6. | Руски јазик | / | 5.00 | / | 5.00 | / | / |
| | Италијански јазик | | | | | / | 5.00 |
| 7. | Ликовно образование | 4.71 | 5.00 | 4.80 | 5.00 | 4.96 | 5.00 |
| 8. | Музичко образование | 4.84 | 5.00 | 4.86 | 5.00 | 4.95 | 4.99 |
| 9. | Информатика | 4.25 | 4.69 | 4.48 | 4.86 | 4.54 | 5.00 |
| 10. | Географија | 4.33 | 4.81 | 4.63 | 4.87 | 4.57 | 4.68 |
| 11. | Историја | 4.33 | 4.84 | 4.82 | 4.92 | 4.59 | 4.85 |
| 12. | Етика | 4.81 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| 13. | Граѓанско образование | 4.81 | 5.00 | 4.94 | 5.00 | 4.89 | 4.95 |
| 14. | Биологија | 4.45 | 4.82 | 4.59 | 4.84 | 4.41 | 4.60 |
| 15. | Физика | 4.24 | 4.84 | 4.75 | 4.96 | 4.14 | 4,56 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | **Хемија** | 4.27 | 4.83 | **4.45** | **4.88** | **4.18** | **4.45** |
| 17. | **Иновации** | 5.00 | 5.00 | **5.00** | **5.00** | **4.95** | **5.00** |
| 18. | **Природни науки** | / | 4.95 | / | **5.00** | / | **4.80** |
| 19. | **Техничко образование** | / | 5.00 | / | **5.00** | / | **5.00** |
| 20. | **Работа со компјутери и основи на програм.** | / | 5.00 | / | **5.00** | / | **5.00** |
| 21. | **Општество** | / | 4.96 | / | 4.97 | / | 4.99 |
| 22. | **Физичко и здравствено образование** | 4.95 | 5.00 | 4.94 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| 23. | **Запознавање на религии** | / | 5.00 | / | 5.00 | / | 5.00 |
| 24. | **Класична култ. на европски цивилизации** | / | 5.00 | / | 5.00 | / | 5.00 |
| 25. | **Изборен спорт** | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| 26. | **Проекти од ликовната уметност** | 4.95 | 5.00 | 4.93 | 5.00 | / | / |
| 27. | **Проекти од музичка уметност** | 5.00 | 5.00 | / | / | / | / |
| 28. | **Вештини на живеење** | 4.88 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.92 | 5.00 |
| 29. | **Програмирање** | 4.88 | 5.00 | / | / | / | / |
| 30. | **Проекти од информатика** | 4.96 | 5.00 | / | / | / | / |
| 31. | **Нашата татковина** | / | / | / | / | 4.35 | 5.00 |
| 32. | **Истражување на родниот крај** | / | / | / | / | 4.91 | 5.00 |
| 33. | **Образование за животни вештини** | / | / | / | / | / | 5.00 |
| 34. | **Одбојка** | / | / | / | / | / | 5.00 |
| 35. | **Творештво** | / | / | / | / | / | 5.00 |
| | **Среден успех** | **4.55** | **4.92** | **4.74** | **4.95** | **4.65** | **4.87** |

Од учебната 2019-2020 година на полугодие согласно законските одредби, освен учениците од 1-3 одделение и учениците од 4, 5 и 6 одделение се описно оценети и затоа одредени наставни предмети од одделенска настава недостасуваат во прегледот.

- **Табеларен преглед на изостаноци од I – IX одделение на крајот од учебната 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година**

| Наставен јазик | Одд. Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик учебна 2021-2022 год. | Оправдани | 1810 | 984 | 1960 | 445 | 681 | 1386 | 1519 | 1437 | 1739 | 12033 |
| | Неоправдани | | | | | | 11 | 16 | | 94 | 121 |
| | Се | 1810 | 984 | 1960 | 445 | 681 | 1397 | 1607 | 1437 | 1833 | 12154 |
| Македонски јазик учебна 2020/2021год | Оправдани | 1048 | 651 | 115 | / | 70 | 296 | 234 | 199 | 272 | 2885 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 6 | 9 | / | 15 |
| | Се | 1048 | 651 | 115 | / | 70 | 296 | 240 | 208 | 272 | 2900 |
| **Македонски јазик** учебна 2019/2020г. до 11.03.2020г. | Оправдани | 2921 | 1639 | 1427 | 1332 | 1323 | 2373 | 2557 | 2292 | 2982 | 18846 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 26 | 77 | 109 | 212 |
| | Се | 2921 | 1639 | 1427 | 1332 | 1323 | 2373 | 2583 | 2369 | 3091 | 19058 |

Може да забележиме дека оваа учебна година учениците беа редовни на училиште за време на наставата со физичко присуство од 1-9 одделение.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Секоја професија има свои барања и специфичности. Разновидноста на професиите соодветствува со различноста на психофизичките способности кај поединците.

Најчесто во секојдневниот живот професијата се идентификува со работно место, но има и разлики. Работата е резултат на личната активност и ангажираност, а професијата е оспособеност на човекот да извршува некоја работа.

Целиот процес на професионална ориентација има само советодавен карактер, а конечната одлука за тоа како и каде ученикот ќе го продолжи школувањето го донесуваат семејството и ученикот, иако се присутни определени исклучоци.

***Професионална ориентација***

Професионалната ориентација е процес на донесување на низа одлуки во текот на детството, школувањето и работата. Денес прифатено е сознанието дека поединецот во својот животен и работен век не избира само еднаш. Училиштето има значајна улога во

реализирањето на целите на образованието во современиот концепт заснован на новите теории за професионалната ориентација, техничко-технолошките промени и на различните сфаќања на односите меѓу образованието, вработувањето и работата.

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

-професионално информирање

-професионално советување

-евалуација-следење на оствареното советување

***Професионално информирање***

Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

***Професионално советување***

Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование, со особено акцентирање во деветто одделение.

***Евалуација-следење***

Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта, каде што се продолжува со следење на учениците.

Септември

- формирање на комисија за професионална ориентација
- предложување и усвојување на програмата за работа
- евалуација-следење на завршените ученици од минатата учебна година

Октомври

- дел од часовите на одд. раководител да му се посветат на правилниот избор на професија
- посета на блиска работна организација
- уредување на катче за професионална ориентација

Ноември

- спроведување на анкета со учениците од 8-мо и 9-то одделение
- разговори со родители-претставници од одделни струки и занимања
- внесување на желбите, изразени во анкетата, во записник од редовен состанок

Декември

- запознавање со повеќе видови занимања
- писмена вежба на тема: „Што сакам да бидам“(македонски јазик)
- предавања од различни институции за избор на соодветно занимање
- истакнување на изработените писмени работи во катчето за професионална ориентација

Јануари

- сликање на часот по ликовно образование на тема: „Моето идно занимање“
- истакнување на ликовните творби во катчето за професионална ориентација

Февруари

- посета на работни организации
- разговор со претставник на вработените
- извештај за полугодишната работа на Комисијата за професионална ориентација

Март

- спроведување на повторна анкета за проверка на промените на ставовите на учениците
- разговор со поранешен ученик од училиштето
- разгледување на резултатите од анкетата

Април

- соработка со средни училишта и нивно промовирање во нашето училиште
- набавување на публикации за мрежата на струки и професии и дистрибуирање меѓу учениците
- запознавање на учениците со правилниот избор на професии
- извршување на разговори со ученици за нивната желба за продолжување на школувањето

Мај

- анализа и споредба на резултатите од анкетите
- посебни разговори со колебливи ученици

Методи и инструменти

1. Анкета-анкетен лист
2. Разговор

***Заклучок***

Со професионалната ориентација во основното образование ќе се овозможи учениците полесно да можат да се ориентираат и да го продолжат образование во средните училишта. Активностите на тимот за професионална ориентација, многу ќе влијаат врз продолжувањето на понатамошното образование во средните училишта.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо-емоционалната клима која постои во училиштето. Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата личност и идентитет. Врз основа на член 4, 5 и 6 од Закон за

основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.161/19 и 229/20) се дадени начела на основното образование, заштита од дискриминација и промоција на еднаквост како и афирмативните мерки со цел надминување на дискриминацијата и исклучување на деца и возрасни кои доследно се применуваат во реализацијата на воспитно-образовниот процес во нашето училиште преку планираните наставните програми и планираните активности, планови и програми во годишната програма за работа на училиштето. Активностите ќе се остваруваат низ различни наставни и воннаставни активности со учениците, вработените, родителите, односно старателите на децата во соработка со општините, согласно утврдените потреби од страна на училишниот одбор, советот на општината или Педагошката служба. Со овој закон во членовите 65 и 66 се утврдува заштита на интегритетот на учениците и спречување на насилство врз учениците. Со родителите се реализира програмата за советување и на родителите на учениците кои учествуваат во разни форми на насилство, со цел истото да биде надминато и елиминирано.

Социо-емоционалната клима во училиштето претставува збир на сите околности (физички, психолошки и социјални) во кои се одвива воспитно- образовниот процес, како и мрежа на односи кои постојат меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес (наставници, ученици, училишен персонал, семејство). Во училиштето се изготвуваат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручните соработници, во соработка со родителите. Наставниците и стручните соработници содејствуваат кон интеграција на ранливата група на ученици и соработка со нивните родители. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот). Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Целта е да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Родителите континуирано и навремено ќе бидат информирани за сите активности кои ќе бидат преземени во училиштето во рамките на наставата и воннаставните активности, а исто така ќе добијат и можност и да се вклучат во наставниот процес и воннаставните активности. Ова ќе се остварува преку родителските средби, Советот на родители, Училишниот одбор, приемни денови, но исто така и преку индивидуални разговори со одделенските

раководители, наставниците, директорот, педагошко-психолошката служба. За подобрување на социо-емоционалната клима, потребни се интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на овие содржини. Со цел превенција и намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, се планираат работилници за превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување. Во текот на учебната 2022/2023 година, исто така се планираат активности - едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, подобрување на нивните социјални вештини, намалување на насилството и појавата на болести од зависности во училиштето и надвор од него преку програмите за ранлива група ученици, за грижа за здравјето на учениците, за превенција од насилно однесување, подмладок на црвен крст и други, во прилогот на годишната програма за работа на училиштето.

### 15.3.1. Превентивни училишни политики и планови

**Политика за превенција и заштита од насилство**

Врз основа на член 66 став 2 и 3 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/19 и 229/20) и Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување јули 2019 година) во нашето училиште веќе функционира тим за превенција од насилно однесување кој сега ќе се прошири и ќе креира училишна политика за намалување на насилството.

***Задачи на Тимот за превенција и заштита од насилството се:***

-Изработка на училишна политика за намалување на насилството;

-Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција;

-Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;

-Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;

- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;

- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

**Потребата и целта на воспоставување училишна политика**

ООУ „Јан Амос Коменски“ - Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

***Цели на политиката:***

- Да се развива ненасилна етика во училиштето
- Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување
- Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување
- Да се намали насилното однесување во училиштето

Политиката за намалување на насилството во ООУ„Јан Амос Коменски“-Карпош, Скопје, се однесува на превентивни-интервентни активности.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и нумерички и учениците од VII до IX одделение се оценуваат нумерички. Поради оптовареноста на учениците со писмено оценување, училиштето оваа учебна година ќе изготви план за писмено оценување во кој при планирањето ќе се води сметка дневно да се реализира најмногу едно, а седмично најмногу 2 писмени работи. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| План за формативно оценување | континуирано | наставници | Сите активности што обезбедуваат информација што ќе се користи за да се приспособат наставата и учењето | Какво треба да биде оценувањето за да влијае позитивно врз учењето |
| План за сумативно оценување | ноември<br>јануари<br>март<br>јуни | наставници | Определување начини и критериуми за оценување | Подигање квалитет на сумативно оценување |
| План за писмено оценување | септември 2022 г. | Наставници стручна служба | Документ | Намалена оптеретеност на учениците при реализација на писмени работи |
| Планирање на тестови и писмени работи | септември 2022 г. | Наставници стручна служба | Договор<br>План за тестови и писмени работи по сите наст. предмети | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; подобар успех на учениците |
| Составување на објективни тест прашања; Изготвување бодовна скала; Формирање оцена | октомври 2022г. | Одговорни наставници | Презентација, работилница, дискусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа на применетите објективни тестови | септември-јуни | Одговорни наставници | Презентација, дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Вреднување на ученици со ПОП | септември-јуни | Инклузивен тим | ИОП<br>Презентација, дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со ПОП |
| План за поддршка на | септември-јуни | Директор | Презентација, дискусија | Подигање квалитет на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето | | стручна служба наставници/ ,,ментори,, | Определување начини и критериуми за оценување | работата на наставниците |
| Поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување | септември-јуни | Директор Стручна служба наставници | Презентација, дискусија работилница | Споделување добра пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето |
| Насоки за доставување на примероци од оценување во наставничките портфолија | септември-јуни | Педагогот на училиштето | Дискусија, договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | јануари 2023г. | Директор стручна служба наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и преземање мерки за подобрување |
| Известување на родителите за успехот на учениците | ноември јануари март јуни | Директор стручна служба наставници | документ | Транспарентнос т при оценувањето |
| Процедура за приговори за добиени оцени | јуни 2023 г. | Директор стручна служба наставници | Закон за основно образование документ | Транспарентнос т при оценувањето |
| Процедура за повторна проверка на знаењето на учениците | јуни 2023г. | Стручна служба Класен раководител Предметен наставник | Закон за основно образование документ | Можност на ученикот да го провери стекнатото знаење и подобрување на успехот |
| Процедура за одделенски, поправен испит и побрзо напредување | јуни 2023г. | Стручна служба Класен раков. Предметни наставници | Закон за основно образование документ | Можност ученикот да премине во друго одделение |
| Анализа на годишниот успех на учениците | јуни 2023 г. | Директор стручна служба наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата учениците и преземање мерки за подобрување |

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар

| Активности | Носители на активности | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето за посета на часови | директор стручни соработници наставници | Анализа на состојбата Распоред на часови Стручни материјали Извештај од посетени часови | Прашалник за наставниците | Септември 2022 г. | Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на наставни часови | директор стручни соработници | Следење на планирањата на наставниците Дневна подготовка на наставниците | Инструмент за евалуација на часот | Во текот на учебната година | Подобар квалитет при реализација на часовите Користење современи приоди во наставата |
| Следење на реализацијата на воннаставни активности | директор стручни соработници | Концепција за воннаставни активности во основното образование | Инструмент за евалуација на воннаставната активност | Во текот на учебната година | Подобра организација и реализација на воннаставн-ите активности |
| Евалуација | директор стручни соработници наставници | подготовки на наставниците следења и анализа на состојбите | Прашалник за наставниците Обработка на податоците од увид на часовите Пополнети инструменти | Јуни 2023г. | Зголемен квалитет на реализација на наставните часови и воннастав-ните активности |

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно закон. Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа, изготвува извештај по спроведената самоевалуација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата ги опфаќа особено следниве области:

- организација и реализација на наставата и учењето;
- постигањата на учениците;
- професионален развој на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и на раководниот кадар;
- управување и раководење;
- комуникации и односи со јавноста; -училишната клима и култура;
- соработката со родителите и со локалната средина.

Комисијата е составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар.

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој.

Во текот на учебната 2021/2022 година во ООУ„ Јан Амос Коменски“ се започна со изготвување на самоевалуацијата за работа на училиштето од 2020-2022 година.

**План за реализација на самоевалуацијата квалитетот на работата на училиштето за периодот од 2020-2022 годиназа**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Формирање комисија за спроведување на самоевалуацијата | септември 2021 год. | Директор | Анализа и дискусија | Формирана комисија |
| Формирање на тимови | октомври 2021 год. | Училишен одбор Директор | Анализа и дискусија | Успешно спроведена самоевалуација |
| Определување на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | ноември – декември 2021 год. | Координаторите на тимот на тимот и тимот за самоевалуација | Користење на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Добивање на валидни показатели за работењето на училиштето |
| Изработка на критериуми за успешност по подрачја | февруари – мај 2022 год. | Тимовите од сите седум области | Изработени критериуми за успешност | Примена на критериумите за успешност во спроведување на самоевалуацијата |
| Прибирање и анализа од сите седум области | јуни-август 2022 год. | Тимовите од сите седум области | Анкети, разговор, разменување мислења | Согледување на состојбите |
| Изготвување на извештај за извршената самоевалуација | септмеври – октомври 2022 год. | Училишна комисија за спроведената самоевалуација Наставнички совет Училишен одбор | Предлог мерки | Согледување на состојбите |
| Усвојување на самоевалуацијата | ноември 2022 год. | | Анализа и дискусија | Надминување на слабите страни |

**Комисија за изготвување извештај од спроведената самоевалуација за квалитетот на работата на училиштето:**

Директор: Маја Старова

Педагог: Соња Казакова

Психолог: Елизабета Ивановиќ

Предметен наставник по информатика: Лирие Мемети

Наставник- ментор: Александра Блажевска

## 17. Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено програма и план за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во училишната зграда е истакнат план за евакуација со обележан правец на движење во случај на елементарни непогоди.

**Цели:**

Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.

Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна непогода.

Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И ДРУГИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

| Планирана програмска активност | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите од тимот | Тим за планирање | септември 2022 | Успешна реализација на програмата и размена на искуства. |
| Вежбовна активност евакуација одделенска настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | ноември 2022 | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош предметна настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим за планирање тим за прва медицинска помош – ученици | декември 2022 | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош-одделенска настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација | Тим за планирање тим за прва медицинска помош – ученици | февруари 2023 | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |
| Вежбовна активност и евакуација-предметна настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | април 2023 | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | Согледување на позитивните и негативните страни на негативните активности | Тим за планирање, вработени и ученици | мај 2023 | Согледување на недостатоци и нивно елиминирање во идни активности |

**План за евакуација**



# 18. Грижа за здравјето

## 18.1. Хигиена во училиштето

Заради здравствената состојба на учениците и вработените во училиштето, како и постигнување на резултатите на учење утврдени во наставните програми, работата на училиштата се организира на начин на кој училиштето ќе преставува училишна безбедна средина за работење и учење.

Во ООУ „Јан Амос Коменски“ ќе се постапува по „Прирачникот за одржување на училишни објекти“, донесен од МОН. За хигиената на училиштето се грижат: техничкиот персонал, наставниците и учениците. За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција и уништување на микроорганизми – (бактерии, габи, вируси), еколошки средства на база на активен хлор, средства со активна сода бикарбона и др. Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши: секојдневно чистење на сите простории во училиштето, еднаш во неделата се врши темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето. Покрај тоа два пати во годината (јануари, јули) се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од служби во Центарот за јавно здравје.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи за учениците се планираат и реализираат пред или по завршување на часовите, без да се попречува наставата. Во текот на учебната година систематски прегледи се вршат за учениците од I, III, V и VII одделение, во придружба на одделенските раководители на паралелките. Учениците од I и III одделение задолжително ги придружуваат и нивните родители. Систематски прегледи се врши во Диспанзер Карпош.

## 18.3. Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Учениците се предводени од нивните одделенски раководители. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши во Диспанзер Карпош.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училишниот тим за здрава храна прави програма за едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област кои се реализираат во вонаставните активности. Покрај тоа, наставниците на часот

на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така, на редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење.

### 18.5.Стоматолошки прегледи

Стоматолошките прегледи и залевање заби се врши за ученици од I до VI одделение. Исто така се планираат и четири едукативни работилници за здрави заби за ученици од I и IV одделение. Залевањето на заби се врши во Поликлиника Букурешт, а работилниците во просториите на училиштето од страна на здравствени работници од Здравствен дом – Скопје.

# 19.Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците и учениците со утврден распоред за дежурство. Дежурните наставници водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите. Училишниот чувар и обезбедувањето имаат обврска да го одржуваат редот, дисциплината и безбедноста во училишниот двор од отворање до затворање на училиштето во текот на денот. Во текот на воспитно-образовниот процес секој наставник посветува внимание за дисциплината на учениците преку советодавни разговор, едукативни предавања и работилници. На видно место во училницата се истакнуваат правила за однесување кои учениците задолжително треба да ги почитуваат. За учениците кои ги прекршуваат пропишаните правила за однесување се изрекуваат соодветни педагошки мерки согласно усвоениот „Правилник за видовите на пофалби, награди, педагошки мерки и изостаноци на учениците“.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор е постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени.

Естетското и функционалното уредување на просторот во училиштето ќе го релизираме според Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија, донесен од МОН и БРО.

Тимот за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето:

- Биљана Стојков -одделенски наставник
- Татјана Јанкуловска – одделенски наставник
- Катерина Димишковска – одделенски наставник
- Даниела Илиева Стојчевска– наставник по ликовно образование
- Татјана Георгиевска – наставник по граѓанско образование
- претставници од ученички парламент ( ќе се изберат во месец септември)

Тимот изработи план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето (во прилог).

## 19.3.Етички кодекси

Во нашето училиште постои традиција на взаемна почитување и соработка помеѓу сите структури во училиштето како и помеѓу наставниците, учениците и родителите. Сето ова се темели на основните правила и начела кои се поставени во нашите кодекси за однесување помеѓу сите чинители на воспитно образовниот процес и взаемно се почитуваат. Со цел креирање позитивна и пријатна средина за работа и учење и градење на чувство на доверба и сигурност во училиштето како воспитно образовна институција до сега во нашето училиште се изготвени и се користат следните етички кодекси:

- Кодекс за однесување на наставниците и другите вработени во училиштето
- Кодекс за однесување на учениците во училиштето
- Кодекс на однесување на родителите во училиштето
- Кодекс за однесување во фискултурна сала
- Кодекс за оценување на учениците
- Кодекс за начинот на чување/заштита на компјутерите и компјутерската опрема
- Куќен ред на училиштето
- Еко кодекс
- Правилник за користење на мобините уреди за време на наставата
- Интерен правилник – Упатство за пријавување на жртви од насилство

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци-работилници, каде што се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така се формира тим составен од сите структури (директор, секретар, стручна служба, одговорен наставник за одделенска настава, одговорен наставник за предметна настава и домаќин).

За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна, но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови. Суштината на успехот и квалитетната комуникација е во тоа комуникаторите да се почувствуваат

Членовите на тимовите поседувајќи ги горенаведените придобивки од тимската работа, одржуваат ефективни состаноци со конкретни предлози мерки и заклучоци. Тимската работа и транспарентноста овозможува унапредување на позитивната клима и култура во училиштето. За остварување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците во училиштето се формираат голем број тимови, работни групи и комисии. При тимската

работа меѓу вработените се зголемува взаемното почитување и доверба, зголемена комуникација, позитивно решавање на проблемски ситуации, самокритичност и критичност. За подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка помеѓу вработените и надворешните соработници, училиштето планира реализација на заеднички прослави, екскурзии, посети, и други активности надвор од наставниот процес.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично напредување на наставникот. Тоа е долготраен, континуиран процес што се реализира на најразлични форми на неформално образование и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија. Сведоци сме на големиот број на промени кои се случуваат во образованието, а наставниот кадар мора да биде во чекор со сите нив.

### 20.1. Детектирање на потребите

За да се постигне квалитетна настава која ќе ги обучува учениците за живот во 21-от век потребно е постојано да се едуцира наставниот кадар за усвојување на знаењата, вештините и компетенциите за практична реализација на оваа настава.

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник преку сопствениот актив со спроведување на анкета непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој. Потребите за својот професионален развој ги прикажува и планира и во својот личен план за професионален развој.

| **Потребни обуки- теми** | **Број на наставници** |
|---|---|
| Новата концепција за образование | Одделенски и предметни наставници |
| Дигитализација во образованието | Одделенски и предметни наставници |

| | |
|---|---|
| Подобрување на атмосферата и климата меѓу вработените во училиштето | Одделенски и предметни наставници |
| Акредитирани обуки од Каталогот на обуки издаден од БРО (по избор) | Одделенски и предметни наставници |

Дигитализацијата во образованието бара примената на новите технологии да бидат присутни во образовниот процес. Наставниците треба да се обучат како употребата на технологијата придонесува за олеснување на образованието. Целта ќе ни биде унапредување на образовниот процес преку поголема примена на информатичката технологија во наставата.

**20.2. Активности за професионален развој**

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Професионалното усовршување се остварува без да се наруши воспитно-образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето.

Наставниците се обврзани во рамки на континуираното стручно усовршување да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години. Во рамките на обуките најмалку 40 часовите од учество на акредитирани програми за обука. Овде ќе ги наведеме и интерните програмски определби кои придонесуваат за професионален развој и стручно усовршување на стручните соработници и наставници, а кои ќе бидат реализирани од Тимот за професионален развој на образовниот кадар.

Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки и семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците дисеминации на новини кои ќе ги реализираат нашите наставници за своите колеги од училиштето.

* Изработка на план и програма за професионален развој.

- Обуки од секаков облик;
- Семинари (во училиштето и надвор од него);
-Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти.

*Задолжителна дисеминација

*Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој

Во прилог на Годишната програма има Програма за работа за професионален развој на наставниците.

### 20.3. Личен професионален развој

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува подобрување на истата преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики или статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот реализира консултација со тимот кој го посетил (директор, педагог) и притоа му се укажува на јаките и слабите страни од часот, со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој. Во училиштето долги години наназад има позитивна атмосфера и клима за прифаќање и реализација на сите иновации и промени во образовниот систем. Вработените секогаш пројавуваат интерес за интерни и екстерни обуки. За сопственото стручно усовршување наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

### 20.4. Хоризонтално учење

Хоризонталното учење или учење едни од други подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата или размена на професионални

искуства помеѓу наставниците од исто или различно училиште. Придонесува за подобрување на квалитетот на образовниот процес.

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и на знаењата стекнати на тие семинари. Професионално стекнатото искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници. Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на било која обука, ќе одржат дисеминација во училиштето. Сознанијата ќе се споделуваат и на стручните активи и отворените часови. Исто така наставниците ќе разменуваат искуства и со други училишта

## 20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Едно училиште постигнува добри резултати и ја унапредува својата работа преку континуиран професионален развој на наставниот кадар. Доживотното учење е неминовен процес за ефективен воспитно образовен процес.

Професионалниот развој на наставниот кадар не се однесува само на акумулација на нови знаења туку и нивна примена во работата и подготвеност да се внесат промени во начинот на работа, во односот кон учениците, колегите, родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води кон кариерно напредување на воспитно образовниот кадар. Нашето училиште е заинтересирано, мотивирано и ангажирано да ги поддржи своите наставници во нивниот професионален и кариерен развој.

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на наставниците преку проценка на исполнетоста на стандардите за напредување во звања од повеќе аспекти.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Во животот и работата на училиштето

Родителите се активно вклучени во животот и работата во училиштето преку најразлични форми на организација. Советот на родители на училиштето се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности: дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето. Родителите се вклучени во донесување на одлуки на ниво на паралелката и преку Советот на родители. Тие даваат идеи и предлози за реализација на одредени активности во училиштето. Во Училишниот одбор тројца од членовите се од редот на родителите. Тие исто така даваат активен придонес во работата на Училишниот одбор. Вклучени се во донесувањето на одлуки кои произлегуваат од програмата на Училишниот одбор.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми кај ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Со цел да се зајакне врската родител –наставник – ученик и да се унапреди воспитната компонента во воспитно - образовниот процес родителите се вклучуваат при реализацијата на екскурзии, вонnаставни активности, хепенинзи, натпревари, приредби, манифестации, промоции.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се врши преку едукативни работилници за родители. На состаноците на Советот на родителите се организираат предавања и работилници, каде што повремено се вклучуваат и родителите како едукатори. Родителите се вклучуваат во одредени проекти кои се реализираат во училиштето. Одделенските раководители на родителски средби по потреба организираат едукативни предавања и работилници за унапредување на воспитната работа во родителскиот дом. Стручната служба според својата програма за работа организира советодавно – консултативни средби и работилници со родителите, а во соработка со одделенските раководители по потреба врши посета на семејства. Информираноста на родителите се врши преку Интернет (web страна на училиштето, web страна на Општината, Е-дневник). За тековните активности на видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Меѓусебните односи на училиштето со јавноста се градат врз принципот на взаемното влијание, односно училиштето влијае врз јавноста и средината, но прима од истата сé што е позитивно. Соработката со јавноста се насочува на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација и воспитно делување врз нашите ученици, но и за професионален развој на наставниот кадар. Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Училиштето континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната web страна (во прилог табела).

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар. Воспитно-образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Преку таа соработка, нашето училиште влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население. Значи, односите се градат врз принципот на взаемно влијание, односно училиштето влијае врз средината, но и прима од истата се што е позитивно и корисно. Комуникацијата со локалната заедница се остварува преку усна, пишана и електронска форма. Преку ова подрачје ги оствaруваме следните

задачи: искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето; Размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и стручните служби од другите училишта од Општината; Организирање прослави на празници и јубилеи, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината и локалното население; Информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, балетска, оперска, драмска, ликовна, литературна) се реализираат посети на институции од културата. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците.

| Ред. бр. | Вид на активност | Време на реализација | Одговорен наставник | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Соработка со МОН, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Да се обезбеди квалитет на наставата, соодветен на националните стандарди за квалитетот на образованието и воведување на иновации |
| **2.** | Соработка со основни училишта | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Размена на искуства, организирање заед-нички настани |
| **3.** | Соработка со збратимени училишта „Станислав Сремчевиќ„ Крагујевац и ООУ„Себедин Бај-рами„ с.Камењане | континуирано<br>март 2023 година<br>мај 2023 година | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Размена на искуства, градење на пријател-ски односи, реализа-ција на МИО |
| **4.** | Соработка со средни училишта | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Грижа за учениците од 9 одд., Професи-онална ориентација на учениците |
| **5.** | Соработка со факултети | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Педагошки стаж на студенти, Организи-рани предавања по потреба |
| **6.** | Соработка со Невладини организации | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи | Унапредување на соработката меѓу училиштето и невладините организации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Соработка со Општина Карпош | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Подобрување на работата на училиш-тето во сите сфери на функционирање |
| **8.** | Соработка со МВР | континуирано во текот на цела учебна 2020/21 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Грижа за безбеднос-та на учениците и вработените во училиштето |
| **9.** | Соработка со УСАИД и МЦГО | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Подобрување на квалитетот на вос-питно – образовниот процес |
| **10.** | Соработка со УНИЦЕФ | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Подобрување на воспитно-образовниот процес |
| **11.** | Соработка со Центар за социјални работи-Скопје | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Добивање стручна помош и грижа за учениците |
| **12.** | Соработка со Здружение совет за грижи и воспитува-ње на децата на град Скопје | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Добивање стручна помош и грижа за учениците |
| **13.** | Соработка со Детско СОС село | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Подигнување свест кај учениците за хуман однос кон децата на кои им е потребна помош |
| **14.** | Соработка со Пакомак | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Подигнување на еколошка свест и свест за рационално користење на употребена пластика |
| **15.** | Соработка со Просветно дело | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год.. | Директор<br>Стручна служба,<br>Библиотекар<br>Наставници | Развивање на по-голем интерес и навики за читање на списанија и книги |
| **16.** | Соработка со ЕКО здруженија EcologicIЕкопакет (ОХО) | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>ЕКО одбор<br>Ученици | Подигнување на свест за селектирање отпад и заштита на човековата околина |
| **17.** | Здружение за дислексија „Ајнштајн“ | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Подобрување на работата на наставниците со деца со дислексија, подобро прифаќање на овие деца од страна на околината. |
| **18.** | Соработка со British council | континуирано во текот на цела учена 2022-2023 год. | Директор<br>Наставници | Унапредување на воспитно образовниот процес преку проекти и иновации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Соработка со музеи, кина, театри | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Наставници Ученици | Унапредување на јавниот и културниот живот на учениците |
| **20.** | Соработка со библиотеки | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Наставници Ученици | Подигнување на свест за читање книги |
| **21.** | Соработка со Здравствен Дом Карпош | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Наставници Ученици | Грижа за здравјето на учениците |
| **22.** | Соработка со Црвен крст | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Одговорни наставници Ученици | Подигање на свеста за хуманост кај учениците |
| **23.** | Соработка со спортски здруженија | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Одговорни наставници Ученици | Вклучување на учениците во спортски активности |
| **24.** | Промоција на училиштето и соработка со списанијата: НАШ СВЕТ, ДРУГАРЧЕ, РАЗВИГОР и КАРПОШ ИН | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Одговорни наставници Ученици | Запознавање на локалната средина и пошироко со работата на учениците |
| **25.** | Промоција на училиштето на МРТВ во емисијата „SBOH" и утрински програми | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Одговорни наставници Ученици | Запознавање на локалната средина и пошироко со работата на училиштето |
| **26.** | Промоција на училиштето на WEB страна на училиштето | континуирано во текот на цела учебна 2022-2023 год. | Директор Одговорни наставници Ученици | Запознавање на локалната средина и пошироко со работата на училиштето |

# 23. Следење на имплементацијата за годишната програма за работа на основното училиште

**ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛВАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ**

| Активност | временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | следење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | носител | ресурси | очекувани резултати | инструменти | Одговорно лице / лице за | потребен буџет |
| **1.Приоритетни подрачја на промени** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ➢ **Поддршка на наставата и учењето** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Спроведување добри и иновативни практики за квалитетна настава насочена кон ученикот | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Наставници | Компјутер, фотокопир, хартија, работни материјали | Подобрување на кавлитетот на наставниот процес со ставање акцент на потребите на ученикот | Дневни планирања, Годишни програми, извештаи педагошка евиденција, прашалници<br>чек листи, листа за евиденција, анализи и извештаи, прашалнци, презентации | Директор педагог обучен тим од наставници | |
| Примена од страна на наставниот кадар на компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието на 21 век | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Наставници | Компјутер, фотокопир, хартија, работни материјали, стручна литература | Развивање на критичко мислење кај учениците и решавање на проблеми во наставата | | Директор педагог обучен тим од наставници | |
| Развивање дигитални креативни вештини и алатки. Примена на новите технологии како секојдневна практика во наставниот процес. | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Наставници | Компјутер, работни материјали стручна литература | Подобрување на креативноста и иновативноста на учениците преку стекнување на дигитални вешини и знаења. | | Предметен наставник по информатика и обучен тим од наставници | |
| Негување еднаквост и интеркултурализам кај учениците | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Наставници | Компјутер, фотокопир, хартија, работни материјали,стручна литература | Подобрување на демократската клима во училиштето | | Тим за МИО и инклузивен тим | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ➢ **Обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Справување со соврсничко насилство Поставување првила и одговорности на учениците Работилници и проекти организирани од педагошко психолошка служба | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Ученици, наставници и родители Стручна служба | Стручни лица, стручна литерату раприрач -ници НВО организации, ЛЗ | Намалување на насилното однесување во училиштето Зголемува ње на сигурнос-та и довер-бата во училиштето Подобрено меѓусебно почитување и соврсничко однесување | | Директор Стручна служба Наставници | |
| ➢ **Продлабочување на соработката со родителите** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Утврдување на потребите на училиштето за учество на родителите Соработка со родителите при реализација на воспитно образовниот процес | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Училишно раководство, Стручна служба, Родители | Компјутер ГП на училиште | Активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес на училиштето | чек листи, листа за евиденци -ја, анализи и извештаи, прашалници презентации | Директор, Стручна служба | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ➤ **Поттикнување на демократската клима во училиштето** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Идентификување на аспекти во училиштето/ заедницата кои треба да се подобрат Подготовка за спроведување ученичка акција за позитивна промена Подготовка и релаизација на отворен ден за граѓанско образование | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Училишно раководство, стручна служба, Наставник по ГО, Ученички парламент, тимови наставници и ученици | Стручни лица, стручна литература приручници НВО организации, ЛЗ | Промовирање на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница. Поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата Унапредување на демократска партиципација на учениците во сите сегменти на воспитно образовниот процес и училишниот живот. | чек листи, листа за евиденција, Прашалници, извештаи, презентации | Директор Стручна служба Наставници, ученици | |
| **2. Програми и акциски планови од годишната програма за работа на училиштето** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Следење на програмите и плановите од годишната програма за работа на училиштето | | | | | | | | | | | | | Наставници, стручни соработници | Годишна програма за работа на училиштето | Целосна реалзација на планираните активности | Извештаи од реалзизирани активности | Директор Тим за годишна програма | |
| Следење на реализацијата на Акциските планови | | | | | | | | | | | | | Наставници, стручни соработници | Годишна програма за работа на училиштето | Целосна реалзација на плани-раните ак-тивности | Извештаи од реализирани активности | Директор Тим за годишна програма | |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Со следење и евалуација на Годишната програма за работа на училиштето ги воочуваме квалитетите во работата, односно јаките страни, но и потребата од поставување нови повисоки цели за наредната учебна година. Покрај тоа, се воочуваат и слабите страни во работата, па ќе се преземаат мерки и активности за надминување во понатамошната работа на училиштето. Во процесот на евалуација на Годишната програма главни носители ќе бидат координаторите кои ќе применуваат повеќе индикатори односно критериуми за успех при еволуирањето, а податоците ќе се добијат врз основа на докази. Со евалуацијата ќе се увиди процесот и неговите резултати врз основа на споредување со поставените критериуми. Со правилна евалуација ќе се овозможи усовршување, модификација и унапредување на целокупната воспитно – образовна работа на училиштето. Евалуацијата на Годишната програма за работа на училиштето ќе ја вршат: директорот, училишните развојни тимови, стручните соработници, наставниците, учениците, родителите, Училишниот одбор и Локалната заедница.

## 25. Заклучок

Годишната програма е подготвена во форма на едногодишен развоен документ во кој што се планира реализација на целите на училиштето за една учебна година. Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2022/23 година е работена согласно „Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште" издаден од Министерството за образование и наука, а појдовни основи при изработката се Законот за основно образование, други закони, подзаконски акти и интерни акти на училиштето. Во програмата се разработени и конкретизирани активности од новата Концепција на основно образование, воспитно – образовните задачи на училиштето, обезбедено е следење и информирање за квалитетот на извршените активности и секако да се вреднуваат остварените резултати.

Годишната програма за работата на училиштето во учебната 2022/23 година е презентирана и усвоена во месец јуни 2022 година на Совет на родители и Наставнички совет. Потоа согласно законската регулатива, по дадено позитивно мислење од Совет на родители и Наставнички совет, Годишната програма е усвоена од Училишен одбор. Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на ООУ „Јан Амос Коменски„ за учебната 2022-2023 год. до Советот на Општина Карпош, а потоа ќе биде доставена во Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието.

***ЗАБЕЛЕШКА:***

Дел од активностите во Годишната програма за работа на училиштето може да претрпат извесни промени, доколку тоа го наложува одредени состојби. Сите промени ќе се прават согласно дадени препораки, насоки и задолженија од соодветните надлежни институции.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на училиштето за учебна 2022/2023 година од член 3 и член 6 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, ја изработи комисија формирана од директорот Маја Старова:

- Маја Старова – директор
- Живка Пројчевска – одделенски наставник
- Ољга Георгиевска – одделенски наставник
- Лирие Мемети - предметен наставник
- Соња Казакова – стручен соработник (педагог)
- Елизабета Ивановиќ – стручен соработник (психолог)
- Стефани Ѓоргиевска - стручен соработник (специјален едукатор и рехабилитатор)
- Александра Блажевска - предметен наставник- ментор
- Теодора Ѓеорѓиевска - претставник на ученички парламент

**Датум,** Директор,

**Маја Старова**

_____23.06.2022________ _________________

Претседател на училишниот одбор

**Афродита Шаља Плавјанска**

______________________________